СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јули 1995 година

Скопје, јули 1995 година

**22-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 19.VII.1995 ГОДИНА**


1. АРСОВСКИ БРАНКО - 14

<u>ДНЕВЕН РЕД НА СТРАНА 16</u>

2. АНДОВ СТОЈАН - 22, 83(амандм.по Законот за судовите ) 120, 135

точка 1-стр.
точка 1 – стр.
точка 2 – стр. 120
точка 3 – стр.
точка 4 – стр. 122
точка 5 – стр. 160

3. БЉАЛИ МЕРСЕЛ - 36, 38
4. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 54, 57
5. ГОШЕВ ТУШЕ - 40, 47
6. ДАНЕВСКИ СЛОБ0ДАН - 19, 123, 126, 135, 149
7. ЗИБЕРИ НАСЕР - 58
8. КАДРИУ ЗЕКИР -115
9. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 124
10. МИНОВ ПАНЧЕ - 67, 150
11. МЕШКОВ ЛУПЧО - 151
12. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 160
13. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 102, 104
14. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 136, 143
15. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 9, 14, 23, 30, 69, 74, 87, 89, 93,95,98,102,103,105,106,113
16. ПЕЦОВ МИРКО - 96
17. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 121,126,139,140,142,144,145,146,148,149,152,153,154,155
18. ПРУСИ АБДУРАУФ - 125
19. ПАВЛОВ БОРИС - 132
20. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 14
21. РАМАДАНИ ХИСЕН - 51
22. РУЖИН НАНО - 113, 149
23. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА - 4, 148
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 9, 12, 60
25. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 21
26. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО - 114
27. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 135, 156, 165, 167
28. ТСНТАРОВ ВЕЉО - 16
29. ТУДА РАМИ - 18
30. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 31
31. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ - 99
32. ТАЛИМИЏИОСКИ ПЕТАР - 127, 129
33. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 130, 163
34. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 106, 107, 108


ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јули 1995 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Симон Наумовски, Димитар Поповски, Јане Ангелески, Иван Бојков, Илија Гоцевски, Слободан Богдановски, Зоре Темелковски, Киро Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот, судски совет, генералниот директор на Македонската радио телевизија.

Ве известувам дека координаторот на пратеничката група на ПДП, во името на подносителите, ја повлекува Интерпелацијата за работата на генералниот директор на Македонската радио телевизија.

I/2 ЛП/НД

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување закон за средното образование, Собранието да го разгледува во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за основање Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска; Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" - Скопје и предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во советите на Градежниот факултет во Скопје, Педагошката академија во Битола, Архитектонскиот факултет во Скопје, Ансамблот за народни песни и игри "Танец" - Скопје, Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје и Студентскиот центар "Скопје" - Скопје.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака?

71 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот на комисијата е усвоен.

Пратеникот Вељо Тантаррв на 21-та седница на Собранието побара дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за времето и начинот на исплатата на разликата меѓу заштитната и откупната цена на тутунот од родот од 1994 година.

Информацијата Ви е поделена.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Благоја Силјановски предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за актуелните состојби и преземањата за заштита на Охридското Езеро од отпадни и загадени води.

Информацијата Ви е доставена.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Емилија Симоска.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Владата прифаќа да изготви ваква информација и да ја достави

**СТОЈАН АНДОВ:**

За оваа седница?

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Не, за септември.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За некоја од наредните.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

За првата наредна седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи да не биде на оваа седница.

Господинот Силјановски има своја информација, па тој бара збор.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, во моментот кога ја дававме информацијата за актуелните состојби и преземања за заштита на Охридското Езеро од отпадни и загадени води, сметавме дека е актуелен миг сега и сега да се расправа по оваа информација. Тоа што Владата прифаќа да подготви информација за септември, го прифаќаме, меѓутоа, сепак јас сакам да отвориме расправа, да ја ставиме на дневен ред и да отвориме расправа по оваа информација на денешната седница.

Во образложението на ова мое барање ќе наведам неколку работи.

Имено, на .3, 4 и 5 мај годинава Заводот за здравствена заштита изврши анализа на квалитетот на површинските води на Охридското Езеро, со која уште еднаш ги потврди сознанијата со кои во Охрид живееме над 20 години. Тие анализи го присилија министерот за здравство да донесе решение за забрана на две градски плажи, покрај минатогодишната за забрана на Грашница. Јас лично и како претставник на Охрид не наоѓам вина кај министерот затоа што тој го направи она што мораа да го направат други пет министри пред него. Еве зошто.

Две и повеќе децении се соочуваме со состојби на водата на Охридското Езеро кои за разлика од денешните беа многу полоши. Но во минатото аспектот на заштитата на здравјето на луѓето гаснеше пред оној за заштита на Охридското и воопшто на македонското достоинство. Во метежот проблеми од економска, политичка и од други сфери од

животот во државата затаивме пред одговорноста што ние ја носиме пред современиот свет, уверени дека еднаш ќе дојде моментот кога општеството ќе се соочи:и со овој проблем. Додуша ова пред се се однесува на државата, и покрај тоа што во Охрид никој не може, не смее и не сака да помисли дека севкупното однесување ја намалил одговорноста пред генерациите што допрва ќе доаѓаат.

Второ, во 1979 година Охридското езеро, а една година подоцна и градот Охрид беа внесени по барање на тогашната држава во списокот на УНЕСКО, како природно и културно историско наследство со универзално значење за сиот современ свет. Тоа беше направено во рамките на Конвенцијата на оваа специјализирана организација на Обединетите Нации, која Собранието на тогашна Југославија ја ратификува со закон уште во 1974 година. ВО оваа конвенција до степен на перфектност се наброени обврските на локалната заедница, потоа за државата и за поширокатa светска заедница, се со цел да се обезбеди гаранција дека природните и културните универзални вредности ќе бидат зачувани во автентична форма за идните"времиња.

Република Македонија, за жал нема донесено се уште закон за ратификација на оваа конвенција на УНЕСКО, но тоа не ја намалува одговорноста.

Собранието на општина Охрид, во услови во кои сега се остварува веќе петта година, успеваше да одржи континуитет во следењето на состојбите но и не во нејзиното подобрување. Во 1993 година Собранието достави до Владата на Република, Македонија Иницијатива за донесување закон за Охрид. Иницијативата беше отфрлена како израз или на немање слух за актуелноста на проблемот во заштитата на Охрид или пак од незнаење на министрите во Владата во тогашниот состав.

Минатата година Собранието се обрати до Владата со барање уредба или друг акт со кој ќе се забрани употреба на нееколошки детергенти и други средства во Охрид и во Струга, затоа што еколошки средства произведува ОХИС, со кого бевме договорени да ги намали цените за извесен процент со цел да ја стимулира нивната потрошувачка. Одговор на оваа иницијатива немаме ни ден денеска. Размислуваме да иницираме забрана на пловни објекти со мотор на бензин и на нафта, но и од тоа не очекуваме некое поголемо фајде.

Трето, под притисок на еколозите, со кои јас многу полемизирам, но сум исто< така силно мотивиран да ги поддржувам во нивните настојувања кон крајот на минатата година авантуристички почнавме да ја градиме сепаратната колекторска мрежа во реонот Грашница како најалармантен на Охридското езеро. Се работи за зафат чија изведба чини 2 милиони германски марки. Се обративме за содејство до државата понесени од тогашната пракса Републиката да учествува во ваквите зафати со 60%, како' што тоа го правеше во знак на поддршка на охриѓани и стружани во самопридонесот кој неколку години овозможи да се изгради еден дел од колекторскиот систем. По многу досадувања, добивме помош од 53 илјади германски марки.

Информацијата ја понудувам со цел да понуди размислување и подоцна преземање за менување на состојбите уште од неколку други аспекти.

Своевремено за потребите на Црнодримските хидроелектрани ја пренасочивме реката Сатеска во Охридското езеро. Денес електраните си произведуваат струја, Сатеска го уништува езерото, а двете општини Охрид и Струга го обезбедуваат јавното претпријатие за заштита на Охридското Езеро со 1 милион германски марки, со кои се плаќа индустриската цена за потрошената енергија.

Понатаму, со законски основ Охридското езеро како риболовно подрачје е дадено под закуп на рибарските стопанства. Солиден процент од приходот од риболовот оди во државниот буџет. Велат рибата може да се лови и во матни води, па за заштитата никој во таа сфера не е заинтересиран. Очекуваме тие средства да се насочат токму во интерес на иднината на овој единствен природен феномен во светот но на нашето барање иден денес немаме одговор.

Кон крајот на минатата година, во моментот на донесувањето на државниот буџет, ми беше речено да не креваме прашини за колекторот зашто ќе се изнајдат други нужности за заштита на Охридското езеро. Се работеше за наше барање, можност за продолжување на колекторскиот систем уште за 1,4 километри на потегот од хотелот Гранит до хотелот Метропол. Колку е значајна оваа делница ќе сфатите доколку ви се каже дека на тој потег се црпи водата за градскиот водовод за Охрид. Се работеше за 1 милион и 100 илјади германски марки кои не успеавме да ги обезбедиме, а сиот отпаден материјал на комплексот хотели "Метропол" и "Белви" и на други угостителски и други објекти на овој регион се влеваат во езерото. Така, ценети мои колеги, доаѓаме до апсурдните по<тези.

Минатата година ја затворивме плажата Грашница, за да ја сокриеме состојбата на плажите Канео и ЈНО. Годинава ги затворивме овие две плажи за да го сокриеме сето она што е најсериозна закана на Охридското езеро.

Јас се согласувам дека сум ви можеби одвратно здодевен но совеста и сета моја одговорност ми наложи да го подготвам ова мое замолување до вас. Информацијата за актуелните состојби во светата на заштитата на Охридското езеро, независно од се што денес се зборува за Охрид, независно што нашите хотели денес се празни и ние годинава

немаме туристичка сезона, независно што некои состојбава ќе ја сфатат како одлично алиби за неодговорниот однос на нашите угостители во калкулирањето на вредностите на нивните услуги и на крајот независно од се друго, сфатете го ова како повик пред умирачка, дајте го на овој начин вашиот прилог кон заштитата на природното богатство со универзално светско значење, зашто ако не оваа и ваква генерација охриѓани, тогаш другата или другите по нас ќе знаат да го изразат достоинствениот однос кон сите вас и ќе ви бидат благодарни.

Јас само да укажам дека прифаќам заклучоците од предложенава информација да не ги третираме денес, затоа што Владата прифаќа да подготви нејзина информација со нејзини заклучоци, според тоа информацијата да ја разгледаме денес а на септемвриска седница да расправаме по материјал за преземање на Владата на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа, што ќе правиме денес,- дали ја повлекувате информацијата?

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Не ја повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

58 пртеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

7 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

I/9

Пратеникот Томислав Стојановски, предлага дневниот ред за оваа седница да се пополни со Информација за спроведување на Уставот и законите од органите на власта во Република Македонија.

Информацијата ви е доставена.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Владата не доставила официјално мислење досега?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа прашав.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Иако требаше на оваа седница на Собранието да присуствува комплетната влада и веројатно во тој случај премиерот надлежно ќе можеше да даде мислење, јас во името на Владата би замолил Информацијата да се одложи за наредната седница за да може Владата да се произнесе, затоа што тангира клучно прашање за спроведувањето на Уставот и законите, а се знае дека спроведувањето е главна надлежност на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувте мислењето на Владата.

Има збор господинот Томислав Стојановски, предлагачот на точката.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, оваа информација е доставена на 14 јули во 8,40 часот во петокот и по собраниската пратка ја добивме во саботата на 15 јули 1995 година. Денес моето залагање е сепак да расправаме по оваа моја информација затоа што се работи за актуелни состојби, се работи за

работи кои го привлекуваат подолго време вниманието на севкупната јавност, за што говорат и последните реакции или интервенции на Владата, а би се согласил со почитуваниот министер, после денешната расправа, тоа е крајната цел, Владата за правата наредна седница да изготви своја информација.

Имено, се работи за многу битни, суштествени и витални - работи, почнувајќи од тоа што го викаме сива економија, особено за високо профитабилните производи, цигари, алкохол, нафта и нафтени деривати кои се главни извори на пополнување на државниот буџет. Познато е дека овој вид на сива економија веќе прераснува во еден вид на организиран криминал и еден ден може да се претвори во сила која ќе биде или паралелна власт или ќе ја загрози и државата.

Двојната примена на законите, зависно од категоријата на граѓани, особено фамозните увозно-извозни дозволи, царините и сето она што значат работи поврзани исклучиво со актуелната власт, непочитувањето на Уставот и законите особено во~сферата на образованието, истакнувањето на знамиња на странски држави и интонирање државна химна исто така на странска држава што со позитивните законски прописи се забранети, злоупотреба на јазиците на националностите особено во некои единици на локалната самоуправа каде што истите се промовирани во службен јазик без ова Собрание да донесе законски и подзаконски акти. Потоа промена на имиња на улици, месни заедници училишта и други установи без да биде донесена законска регулатива за тоа. Потоа испишување на фирми, соопштенија, разни афиши, имиња на артикли и слично само на јазиците на националностите, масовна изградба на дивоградби од секаков вид и крајна толеранција кон истите. Неплаќањето на разни даноци и давачки, особено данок на промет,

акцизите, трошоците за електрична енергија, вода, телефон, радио и ТВ претплата, воден надоместок, данок од земјоделска дејност и други придонеси. Узурпација на општествено земјиште кое особено е присутно во овие месеци кога имаме трансформација на општествениот капитал во приватен и практично снаоѓање да се фати последниот воз кон оваа трансформација и транзиција.

II/1.-РД/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Скрнавење на повеќе верски објекти и спомен обележја, повеќе инциденти, вклучувајќи и убиства во сите краишта од Републиката, кои што често пати останаа и неразјаснети. Бојкотирањето на пописот од 1991 година, делумно и во 1994 година, укинувањето и енормното намалување на казните на учесниците во аферата "ПАРАВОЈСКА, спроведување на референдум на таканаречена "Илирида". Прифаќање на дипломи издадени од нелегални универзитети, заложби и правни промоции за многу нешта кои што со законите не се одредени или се уште се во фаза на доработка и преработка. Упорните настојувања и активности за формирање на нелегален универзитет во Тетово и место за овие прашања да разговараме тука во овој највисок дом, како што рече почитуваниот претседател на Република Турција Демирел, дека парламентот е центар на демократијата, ние одиме да разговараме и да договараме во странски држави и во присуство на некокомпетентни личности за мене. Реекспорот на земјоделски производи, социјалната помош и нејзината распределба, перењето на пари, митото, корупцијата како и случајот Хардрок кој што полека се заборава особено случаевите на непочитување на законите во органите на локалната самоуправа каде што многу дејствија се излезени надвор од контролата на оваа законодавна власт. И уште една многу актуелна работа, но многу опасна и многу важна планираните и диригираните стечаи на фирми во кои што за жал се инволвирани и многу фактори, за жал вклучувајќи и од судската власт кој што закон денес ќе го донесуваме за да се дојде до тој толку интересен и толку привлечен капитал. Веројатно дека конституирањето на третата власт во државата,судската ќе треба позитивно да разреши многу од горенаведените злоупотреби и кршење на Уставот и законите. Но сметам дека е крајно време за сето изнесено во оваа информација да отвори расправа Републичкиот парламент, каде

што во конструктивна, толерантна и над се демократска атмосфера, најдобронамерно ќе и се укаже на актуелната власт за сите слабости и пропусти, а се во интерес на граѓаните и стабилноста и перспективата на нашата заедничка држава Република Македонија. Сите овие изнесени факти и аргументи е секојдневието кое што не опкружува. Мојата обврска е обврска кон граѓаните кон електоратот и кон целокупната јавност да го покренам овој низ на комплексни прашања при што ме радува фактот што Владата веќе презема одредени дејствија во тој правец. Предлагам дека сепак од корист на Владата ќе биде ако денеска на оваа седница расправаме и за овие точки, затоа што Владата многу поефикасно и многу поедноставно ќе ја изготви информацијата за првата наредна седница после годишните одмори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за предлогот да крене рака. (6 пратеника).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Исмет Рамадани од името на Пратеничката група на ПДП побара на 21-та седница на Собранието дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за бројот на граѓаните на Република Македонија за кои се води постапка за стекнување на државјанство и кои по ниеден основ не можат да добијат државјанство со табеларен преглед за нивната национална припадност.

Претставникот на Владата Илјаз Сабриу се согласил со овој предлог. До денес информацијата не е добиена од Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата дали може да се добие таа информација и дали да ја уврстиме во дневниот ред денес или кога ќе ни ја доставите.

II/3.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Таа информација на Владата беше разгледана и од страна на Владата беше вратена на дополнување, бидејќи не ги содржеше сите елементи што министрите албанци ги истакнаа дека се нужни во Информацијата. Што значи дека не е готова.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас го прифаќам образложението на претставникот на Владата, затоа што исто така имам информации дека е расправано во Владата на Република Македонија за оваа информација, меѓутоа, е вратена затоа што, како што рече претставникот на Владата, треба уште да се дополни со некои податоци, така што очекувам дека навистина на наредната седница ќе се расправа за оваа информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Си го повлекува предлогот господинот Рамадани сега на оваа седница.

Пратеникот Бранко Арсовски предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за состојбите во врска со приемот, откупот и исплатата на пченицата од родот од 19 9 5 година, што Владата на Република Македонија треба да ја достави до Собранието за оваа седница.

Владата на Република Македонија до денеска нема доставено информација. Во мислењето,Владата предлага за наредна седница дека ќе биде во состојба да подготви информацијја за наредната седница.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека и покрај тоа што Владата смета дека ова прашање треба да се третира на наредната седница, од она соопштение што го добивме ние пратениците дека од денеска со завршување на  оваа

II/4.-

седница пред да одиме. на одмор, а тоа би било околу 20 август, односно 1 септември, мислам дека прашањето кое е врзано за оваа информација ќе изгуби од актуелноста. Така да тогаш што ќе расправаме кога откупот и жетвените работи се одвиваат сега, дури сега доцниме, а камо ли да дискутираме на 2 0 август, односно 1 септември како ќе го вршиме откупот на пченицата, како ќе го плаќаме, како ги надополнуваме средствата на производите и тн. Прашањето го поставив заради тоа што има своја актуелност и има сериозна причина и во таа смисла сметам дека вие пратениците треба да ме поддржите во оваа смисла, заради тоа што проблемот со откупот на пченицата е многу актуелен, таму е хаотична состојба. Јас ќе ви го кажам само кумановскиот пример дека во Куманово не се откупува ниту 1 грам жито. И во таа смисла што правиме со земјоделските производители. Јас во моето барање што го доставив пред една недела, сметав дека Владата би можела тука да расправа, а ми е жал да ви кажам искрено овде што гледам само двајца министри кои се компетентни за судство и образование, а овие наши барања што биле претходно доставени и немаме ниту еден заменик, ниту некој потсекретар, а камо ли да имаме еден министер. Тоа е жалосно по мене и мислам дека ние како пратеници што ќе расправаме сега овде кога немаме званични министри. Нема кој да ни даде еден таков одговор. Зборувам за последиците илузорно на сите вас, бидејќи сите сме ние образовани луѓе, ги знаеме состојбите и барам на оваа седница ние да расправаме по ова мое барање. Не сакам да го коментирам затоа што ги напишав неколку работи кои се во моето барање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само сакам да ви обрнам внимание дека пратеникот предлага точка на дневен ред и бара информација да подготви Владата. Бидејќи Владата не извести сега дека не може за оваа седница да подготви информација, не се исполнети деловничките услови, не можеме да ја увретиме точката во дневниот ред, нема материјал.

II/5.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, собирањето на лебот во Европа е најзначајна акција за секоја нација. Во нашава држава изгледа не не интересира што станува со собирањето на лебот. Не се согласувам дека нема информација од Владата. Од Владата има подготвено информација за состојбите во врска со претстојниот откуп на пченицата и цената на лебот и сметам дека оваа информација денеска ќе можеме да ја гледаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Која информација?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Еве оваа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ни е упатена од Владата. Тоа е материјал што Министерството за стопанство го упатила до Владата. Ние немаме од Владата информација по барање на господинот Арсовски.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за судовите;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за архивската граѓа, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка од областа на спортот меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за заштита од пушењето, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за основното образование;

6. Предлог за донесување на закон за средно образование;

7. Избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

8. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште "Бања Банско" - Банско;

9. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза "Јасеново" - Титов Велес;

10. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Болница на нервни и душевни болести "Бардовци" - Скопје;

11. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје;

12. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска;

13. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот на македонски јазик "Крсте Мисирков" - Скопје;

14. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Градежниот факултет во Скопје;

15. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Педагошката академија во Битола;

16. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје;

17. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Ансамблот на народни игри и песни "Танец" - Скопје;

18. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје;

19. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Студентскиот центар "Скопје"- Скопје;

20. Информација за актуелните состојби и преземањето за заштита на Охридското Езеро од отпадни загадени води.

Дали има предлози за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**РАМИ ТУДА:**

Почитувани пратеници, дами и господа, познато е дека Република Македонија важеше за едно транзитно подрачје низ кое се транспортираше дрогата која што доаѓаше од Далечниот и Средниот исток и која што со главна дестинација беше во некои развиени европски земји и САД. Меѓутоа, консумирањето на дрогата во оваа Република од страна на младите низа години беше симболично во однос на консумирањето на дрогата на младите во овие развиени европски земји и во САД. За жал, во последно време сведоци сме на се поголемата присутност на дрогата кај нашите млади, со тенденција оваа појава да се интензивира се повеќе и повеќе. Според податоците што ги имам добиено консумирањето на дрога како појава ги има опфатено сите млади, независно од социјалниот статус, независно од националноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господин Туда формулирајте го предлогот.

**РАМИ ТУДА:**

Затоа барам, бидејќи на оваа седница не верувам за тоа ќе даде некоја информација Владата, меѓутоа, за следната седница Владата да изготви информација и предлог-програма за сузбивање на употребата на дрога во Република Македонија. И тоа да се стави како точка на дневниот ред на Собранието за следната седница, кога и ќе се расправа по предлог на оваа програма.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, предлагам за денешната седница точката број 4. Предлог за донесување на закон за заштита од пушење, со Предлог на закон да се симне од дневниот ред. Образложение: Бидејќи ова третира мошне важна проблематика, а нема направено една добра комисиска расправа, сигурно низ една комисиска добра расправа ќе појушне и поквалитетно дополнување на овој текст, бидејќи во членот 4 посебно внимание треба да се обрне на заштитните знаци каде што нашето производство знаеме дека сме производители на тутун и цигари се ставаат во нерамноправна положба со тоа што се забранува заштитните знаци да се рекламираат на секаде на ТВ,во весници и во ред други работи, не се ставаат во рамноправна положба со странските производители на цигари. Друга важна работа е тоа што новите типови на цигари ќе не можат да се рекламираат, со овој закон се лимитираат, бидејќи со членот 4, дали е препишан со некој друг закон, изготвувачот, односно предлагачот не обрна доволно внимание и третата, односно првата работа треба да се сфати дека многу тука наши колеги јавно кажуваа и се залагаа за тутунот, беа гласни говоранти и сега повлекуваме едно прашање што

тангира и третира многу суптилна материја во однос на производството на тутунот, затоа што ако продолжиме вака ќе го тргнеме и тутунот од нашите полиња. Затоа предлагам од денешниот дневен ред да се тргне точката за подобри времиња.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на г-динот Даневски го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака (26).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали има уште предлози за измена и дополнување на дневниот ред?

Има збор г-динот Стојаноски.

**НАЌЕ СТОЈАНОСКИ:**

Почитувани пратеници, во времето на подготовките на оваа седница со материјалите добивме помеѓу другите закони за оваа седница и Законот за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа. Законот е влезен, на некој начин, во собраниска процедура, доставен е од Владата до Собранието, се работи за сериозен закон кој досега со постојниот Закон кој важеше до 30.06.о.г., беа ослободени увозниците на нафтата и нафтените деривати од давачките спрема државата, со оглед на познатите околности на ембаргото во кое се наоѓа Република Македонија, мислам дека на оваа седница на Собранието предлагам да се постави на дневен ред законот за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа и тоа по итна постапка, од причини што сметам дека времето кое тече и периодот пред годишните одмори ќе настанат сериозни последици доколку не го донесеме овој закон, ќе трпи стопанството и пошироко граѓаните во РМ.

III/2.-

Оттука предлагам овој закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа да биде поставен на денешната седница на дневен ред и тоа по итна постапка. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам законот да се внесе на дневен ред, а по итна постапка не можеме да предлагаме затоа што предлагачот не го предложил по итна постапка, туку кога ќе влезе на дневен ред на оваа седница да се донесе. Тоа е намерата, а не по итна постапка. На некој а од паузите комисиите треба да го погледаат.

Предлогот на г-динот Стојановски го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот на г-динот Стојановски е усвоен

Дали има други предлози? (Не)

Кој е за предложениот дневен ред, со овие измени и дополнувања, молам да крене рака? (81)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Поради обемот и значењето на точките на дневниот ред на оваа седница, а особено поради значењето на Предлогот на законот за судовите, како и поради мал број на пристигнати одговори на веќе поставените пратенички прашања предлагам поставувањето на пратеничките прашања да го одложиме за наредната седница.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (83)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на **прва точка** - Предлог на закон за судовите.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Ве известувам дека за донесувањето на овој закон е потребно двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници па да се води сметка за тоа од страна на Пратеничките групи.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, дами и господа. Пред нас е Предлог законот за судовите чие донесување, како закон, има примордијално значење, покрај другото, и поради фактот што тој претставува прв и неопходен услов судството еднаш да се воспостави, според новите одредници на Уставот на Република Македонија т.е. судството да се воспостави како една од трите власти или како независна трета власт.

Не треба многу зборови колку е тоа значајно за демократскиот и правниот карактер на Република Македонија за нејзините установи и за

позицијата и односите на граѓаните во остварувањето на нивните права и слободи и правно засновани интереси. Исто така не треба многу објаснување за тоа колку е значајна улогата на независното судство како власт во цврстото држење на носителите на политичката моќ и волја во рамките на правото и законот. Не се потребни пошироки објаснувања затоа што во современиот свет независното судство, се разбира, како темелен поим на концептот на владеењето на правото и законот. Тоа и такво судство е општо место во тој појмновно категоријален систем на разбирање на државата како правна и демократска. Токму таквото судство е и општ стандард кој го вложуваат меѓународните универзални или регионални организации и асоцијации, според тоа, прифаќањето и имплементирањето на независното судство во внатрешниот правен систем со сета лепеза на параметри и одлики кои ги претпоставува и побарува меѓународната заедница е услов Република Македонија да може да биде асоцирана во организациите и установите на таа заедница.

Потребата од востановување на судството во Македонија конечно означува заокружување на правната и институционална структура на државата и власта, според Уставот на Република Македонија како нова самостојна, граѓанска и демократска држава.

Оттаму донесувањето на законот за судовите и воведувањето на независно судство како дел од таквата држава означува и основна обврска на така наречената прва и втора власт т.е. на Парламентот и Владата. Таа обврска е директно поврзана со сите оние потреби од реформи и транзиции на претходните структури, вредности и односи кои ги нормира и спроведува Собранието и Владата т.е. првата и втората власт.

Независното судство е директна потреба и на граѓаните заради остварување на нивните интереси и права во процесот на транзицијата. Без такво судство не може да има сигурна гаранција за правна и закони-

та транзиција ниту на структурите ниту на капиталот ниту на установите ниту на слободите и правата на граѓаните. Затоа сметам дека е пет до дванаесет за создавање нужна и доволна основа за востановување на независно судство кое како посебна власт ќе ја преземе незаменливата улога во односните транзиции. Сметам дека доаѓаме до рубиконот зад кој не ќе може да се објасни и разбере отсуството на уставната позиција на судството како власт и на новата судиска функција како генератор на таа власт. Станува збор и за довербата на граѓаните во законитоста и чесноста на односните транзиции. Станува збор и за довербата на меѓународните и регионалните заедници и установи во правниот карактер на нашата држава и на трансформациите во неа.

На внатрешен план веќе се настанати поголеми штети кои нужно мора да се вреднуваат. тие се поврзани со појавата на поголемо осипување на судискиот состав во судовите. Со појавата на поголема неажурност на судовите, со појавата на неизвесност, незадоволство и демотивација во судството, со зголемување на сомнението кај граѓаните за независноста, непристранстроста и способноста на судовите да ги заштитат нивните интереси и слично. Но, за право на вистината голем е бројот на судиите кои покрај нерешените или не задоволително решените статусни и други прашања прегорно и истрајно се вклучени во обавувањето на својата одговорна задача во совладувањето на огромната и сложена обврска.

Да илустрирам, судството во Македонија годишно постапува по приближно 400 илјади предмети со почетири до пет учесници - странки во нив. Значи, до него се обраќаат близу 2 милиони лица. Секој може да замисли колкаво огромно мноштво на странки , интереси и позиции се тоа и колкава огромна работа и компетентност е неопходна тоа да се реши и според правото и законот и според чувството на странките за

непристрасност и праведност на судот. Се разбира, секој може да замисли колкав и каков хаос би настанал ако судството во еден момент или ако сакате период не може да го носи тој товар. Верувам дека нема држава и власт која ќе може да ја издржи блокираноста на судството, а при тоа да остане правна и демократска држава. Затоа на судството е неопходно да му се излезе во пресрет по сите прашања и аспекти кои како претпоставки се нужни за неговото постоење и функционирање како независно, компетентно, ефикасно судство со позиција на посебна власт или на една од трите власти или ако сакате со достоинство на трета власт која на првата и на втората власт им приопштува правен карактер.

Оттаму не без основа во декларацијата за независното судство на Обединетите нации стои запишано дека за секоја држава претставува приоритет од највисок степен обврската да обезбеди претпоставки и средства за судството вклучувајќи ги и материјалните и финансиските средства за зачувување на судската независност, достоинството, потенцирам достоинството и ефикасноста во неговата функција и работа.

По таа линија Република Македонија. ќе треба да обезбеди речиси се за да се постигне реализација на односните атрибути на судството како ниво и достоинство на неговата нова уставна позиција. Неопходна е брза, но и подолготрајна потенцирана интервенција во статусните и материјалните параметри на судството затоа што тоа заостанува подолго време и се наоѓа на многу ниско скалило кое поприлично далеку од оние атрибути содржани во меѓународните стандарди, но и од оние кои реално постојат во првите две власти во република Македонија.

Во редот на приоритетот од највисок степен, како што стои во споменатата декларација, секако е нормативната заснованост на она судство кое ќе ги има респективните атрибути. Во тој склоп Законот за

судовите е нужната иако не и доволна претпоставка. Тој денеска е пред нас како Предлог закон. По него веќе од септември во постапка ќе влезат и кривичните и граѓанските материјални процесни закони, бидејќи се подготвени за владина и парламентарна процедура. На тој начин верувам ќе се создаде нужна и доволна нормативна основа на независното и компетентното судство. Со тој корпус на правни акти Владата смета дека квалитетно и концепциски се поместува судството по неговата уставна и кон современата меѓународно правна стандардна позиција. Со такво чувство Владата го даде Предлог законот за судовите на експертиза пред Советот на Европа, со такво чувство таа го поднесува и до Собранието на Република Македонија. Пред Советот на Европа Предлог законот помина со пофалба, дека бил закон цитирам "кој содржел многу модерни и добро замислени идеи" понатаму набројувајќи ги институтите кои меѓу другите го содржат тоа.

Општиот заклучок на експертизата е дека законот во најголемиот број делови е целосно задоволувачки. Експертите на Советот во официјалната експертиза дадоа конкретни сугестии за прецизираше на одделни елементи во девет членови од законот кои инаку ги има 121.

Можеме да бидеме целосно задоволни кога се однесува до меѓународната верификација на концепцијата и на решенијата на законот. Предлог законот си дозволувам да речам дека е таков или дека Владата има чувство дека е таков затоа што во него е вградено репрезантативнсто и најдоброто правно знаење и умеење. Во неговото изготвување учествуваа претставници на правната наука и на правната струка не одминувајќи ниту една институција преку нивни истакнати претставници. Беше формирана голема комисија за изработка на законот за судовите која одржа 6 расправи поставувајќи ги важните проблеми и претресувајќи ги основните решенија што треба да бидат зафатени во

односниот закон. По таквата расправа беше конципиран работниот текст на законот за судовите и пуштен на официјално мислење пред институциите на правосудната област меѓу кои Врховниот суд, Републичкиот судски совет, Адвокатурата, Адвокатска комора, Републичкиот јавен обвинител, Здружението на правниците . Опстојно и аргументирано беа изанализирани предлозите и сугестиите и врз голем дел од тие предлози и сугестии се изготви конечната верзија ,.која отиде на конечна верификација пред големата комисија. После тоа тој закон со нужната правна редакција од Министерството влезе во владина постапка. Законот што Вие денеска го имате е владиниот предлог.

Накусо, законот во неговите основни начела ги содржи сите стандарди што добија апсолутна поддршка без никаква забелешка со потенцирање дека е добро што составувачите и надлежните институции на република Македонија се држеа до меѓународните стандарди и до компаративниот аспект на законите за судовите, со укажување дека тоа е постигнато на завидно ниво со многу интересни идеи и решенија.

Законот аз судовите како посебно значајно ја обработува главата и проблематиката на статусните прашања на судиите. сметавме дека принципите ќе останат да висат и да звучат како декларација доколку тие реално не се поткрепени со елементи на статусот кој го гарантираат нивното остварување. Сметавме дека прашањето на статусот на судиите е едно од клучните прашања и во таа смисла е молбата Собранието посебно да обрне внимание и да го задржи својот интерес околу статусните прашања, затоа што станува збор за исчекорување во една нова содржинска рамка и нови решенија и затоа што станува збор за многу важна глава која со оглед на така наречениот доминантен принцип на нездружливост на судиите и нивна ограниченост односно забрана да вршат каква и да е друга јавна функција, а посебно профитабилна. Таа

глава добива посебно на значење. Тука само ќе дадам две кратки информации.

Прво, дека во структурата на статусните прашања Владата сепак од работниот текст го исклучи прашањето за платите на судиите сметајќи дека тоа прашање треба да се реши во посебен закон за носителите на власта за да се овозможеле логички соодноси по тоа исто прашање Советот на Европа во официјалната експертиза смета дека е добро платите и надоместоците на судиите треба да се решат на законско ниво, но сепак смета дека законот за платите на судиите и приопштувајќи ги и обвинителите треба да се реши во посебен закон за платите и надоместоците на судиите и обвинителите.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Овие две информации ви ги пренесувам без коментар.

Кога станува збор за можеби најинтересната глава која што ќе побуди најмногу интерес, прашања и можеби амандмани е главата за организацијата и надлежноста на судството. Усвоена е концепцијата на единствено судство или единствена организација со оглед на уставниот императив. Отидено е на идејата на основни судови со два вида или две нивоа на надлежности. Едните со ниво на општинска надлежност, а другите со нивото на досегашната и општинска и окружна надлежност и на редовните и на стопанските судови. Само во три, доколку може и тоа да се смета некој трет степен или ниво на стварна надлежност од две прашања, а тоа е по регистрацијата и воените предмети се определени судовите во Скопје, Штип и Битола.

Можете да забележите од мрежата на судовите и од нивната стварна надлежност, дека главно, односно во целост надлежни се првостепените судови за сите дела до секое ниво и дека во таа смисла во мрежата во Македонија има 14 големи судови. Станува збор за судови во големите градови, за судови со поголем судски состав, за судови кои што практично ќе ја носат најодговорната задача по основ на стварната надлежност.

Во исто време можете да забележите дека во концепцијата на организацијата и надлежноста на судовите се предвидува таканаречена одделска структура на самите судови. Се претпочитува на таков начин принципот на специјализација што е висок стандард во меѓународните норми, исто така високо барање и од Советот на Европа, но и од сите други нивоа каде што се врши експертиза над овој текст.

IV/2.-

Инаку идеите околу стопанското судство и особено околу прекршочното судство , беа идеи и дилеми само на почетокот на расправата околу концептот на организацијата на судството. Веќе од втората расправа, особено на крајот на расправата не постоеа дилеми кои што со цврста , или упорна аргументација ќе бранат друга концепција. Поентата ми е да соопштам дека оваа организација и оваа мрежа или концепција на стварна надлежност што е опфатена во законот за судовите е, може да се каже , општо поддржана.

И другите делови во законот се надевам дека зборуваат и дека го постулираат самостојното и непристрасното судство и во таа смисла онаа надеж на Владата дека се прави концепциско поместување и квалитетно поместување на судството со оглед на уставната позиција и со оглед на меѓународните стандарди очекува, се разбира парламентарна верификација. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, сепак дојде денот кога треба да се конституира и третата власт во триаголникот на власта, законот за судовите. Во тој контекст законот за судовите во контекст во поделбата на власта дефинирана со Уставот на РМ за мене значи институционализирање на демократијата во Македонија, односно институционализирање на една врховна вредност и прифаќање на новата политичка мисла на Европа дека човекот се раѓа слободен и еднаков по своите права и слободи. Париската повелба на Европа

1990 година во ЌЕБС. Секоја демократска политичка власт за основен принцип го има принципот на владеењето и правото и функционирање на правната држава како глобален демократски амбиент што му дава можност на граѓанинот да го заштитува својот интегритет, своите права и слободи заради тоа што, пак, и самиот граѓанин истата ја прифаќа, ја поддржува и многу е заинтересиран за нејзиното функционирање. Несомнено дека демократијата не е доволна само како политичка основа за конституирање на власта, за доаѓање до власта како што е случај и со овој парламент, ниту пак како средство за стекнување на преголема моќ на власт во однос на човекот, туку потребно е нешто повеќе, потребна е и традиција, политичка култура на негување на самостојни, независни, правни, судски институции, органи и механизми.

Република Македонија веќе половина век ја изградува својата државност, де јуре и дефакто а и порано. Почнувајќи од уставотворните акти на АСНОМ , РМ природно го создава и развива своето право, а со Уставот од 1991 година со кој се конституира и прогласи за самостојна и суверена држава, државничката дејност овозможи правната држава како концепт на организација да се афирмира како цивилизациска придобивка што е случај и со предлогот за донесување на законот за судовите.

Ова значи дека со законот за судовите се обезбедува Уставот и законите да бидат главната основа и рамка во функционирање на државата, нејзините субјекти правни и физички, како и нејзините државни органи.

РМ со Уставот го прифати современиот европски модел на граѓанско општество, цврсто се определи за демократија, владеење на право, за економски слободи и за социјална правда. Сепак помалку или

повеќе во секое современо граѓанско општество, секогаш стои отворено прашањето за остварување на неговите темелни вредности во контекст дали иколку се обезбедува заштитата на правото и слободата на граѓанинот; дали и колку се почитува демократијата како единствен легален и легитимен начин на остварување на власта; дали пазарната економија се одвива во рамките на економскиот систем или покрај него. Дали и колку интересите на партијата на власт се главна основа за делување на државните органи или пак правната држава како глобален амбиент, владеењето на правото како основен уставен принцип се основа врз која се гради позицијата на правната професија во конкретниот случај судската струка и струка во општеството.

Со законот за судовите, кој го имаме на дневен ред, во РМ во суштина се овозможува, се поставени сите основи за афирмација на правото и правните принципи во практиката, односно се воспоставува еден нов респект према правната судска професија, подигнување на угледот и општествениот третман на правниците од судската дејност како нејзини носители. Во тој поглед важно е, а тоа овој закон го обезбедува да се прави јасна дистинкција меѓу политиката, економијата и правото. Имено, политиката и економијата го насочуваат општеството врз усвоените уставни вредности и во тој контекст го креираат и правото. Меѓутоа, по утврдување на правилата на однесувањето со секое делување на политиката спротивно на вредностите што ги штити правото, правниците се изложуваат на притисоци, а правото се маргинализира. Тоа овој закон не го дозволува. Сепак, колку правната професија, во конкретниот случај судската ќе стане ценета со донесувањето на овој закон, како општествена професија, што ја обезбедува овој закон, зависи од самите правници во судството чиј став е многу битен за доверба и почит, зашто најмасовно го засегнува граѓанинот.

IV/5.-

РМ во своето државно обликување и поред супремацијата на идеологијата овозможи создавање на бројни врвни македонски правници од повеќе генерации кои дадоа голем допринос во создавањето на современата државно - правна историја и традиција во РМ и сега преставуваат основа на кадровска операционализација на законот за судовите. Во таа прилика кога со овој закон градиме правосуден систем како основа за конституирање на третата судска власт, како реален баланс на трите власти, како важна ја истакнувам позицијата и односите меѓу трите самостојни и меѓусебно влијателни органи во сферата на судската власт - Министерството за правда, Републичкиот судски совет и Врховниот суд на РМ.

Сите овие три органи во своето делување насочени се кон иста цел. Ве молам, сако сакате да ме сослушате и зборувам меѓусебните односи на Министерството за правда , Републичкиот судски совет и Врховниот суд , кои се насочени кон иста цел, остварување на судската власт во заштита на правата и слободите на граѓанинот, на стопанските субјекти, на заштитата на уставниот поредок.

Очекувам дека Министерството за правда да биде ангажирано во насока на изградба на правосудниот систем, нормативно и институционално, функционирање на правосудната управа, а следното посебно го нагласувам - обликување на програма и потоа и посебен закон за решавање на материјално - финансиските проблеми на правосудството во целина за да влезе како стабилна позиција во буџетот. Следење и афирмација на правосудниот систем на државата во согласност со меѓународните и европски норми, стандарди и обврски и посебно влијание и на изборот на правосудниот кадар. Значи, повторувам - посебно влијание Министерството за правда да има и на изборот на правосудниот кадар.

IV/6.-

Судскиот совет треба да биде насочен кон реализација на кадровско судската основа на судството заради формирање на еден професионален фундамент на правната држава, респектабилен на релацијата со другите власти - законодавната, извршната од аспект на рамнотежа на овие три власти и недозволување на супремација на една над друга.

Врховниот суд на РМ како највисок суд задолжен за примена на законите треба да биде одговорен за спроведување на судската власт од материјално правен аспект. Да се грижи за судиите како непосредни извршители за судската власт. Истата да ја остваруваат во согласност со уставот и законите. Се разбира Врховниот суд треба да има и одредено влијание во изборот и разрешувањето на судиите, нивниот статус, материјално финансиските проблеми на судиите и во заштитата на неосновано нарушување на моралниот интегритет на судијата. На овој начин, а тоа овој закон го обезбедува секој од овие органи одделно и сите заедно ќе го градат својот општествен и професионален придонес, судската власт да се остварува врз принципите на уставноста и законитоста, што значи законито, да делува самостојно, што значи независно, високо професионално и непристрасно, јавно благовремено и ефикасно што значи ажурно. Правничката професија и нејзините носители во судството имаат секогаш дел од одговорноста за тоа какви ќе бидат состојбите на релацијата човекови права и политичка власт. Ова заради следното: Незнаењето или занемарувањето на правото на човекот се причина и за несреќа на' народите очекувам дека со овој закон во РМ корпусот на граѓанските права ќе добие третман во контекст на европското право.

IV/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Биљали..

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани пратеници, дозволете само неколку збора накратко да кажам во врска со предлогот на законот. Неспорно е дека професионалната група каде според образложението што стои во предлогот работела и експертска група и се потрудила оваа комплетна група во овој предлог да се вградат високи стандарди во организацијата аи функционирањето на судовите како важен дел на правната држава и демократската држава, каде посебно место заземаат основните права и слободи на човекот и граѓанинот. Меѓутоа, сметам дека сепак треба да се дадат одредени забелешки иако на новите решенија што се нудат овозможуваат некоја основа за самостојно функционирање на третата власт. Тука посебно ќе ги спомнам напуштањето на реизборноста, односно можноста судиите неограничено да се избираат, со ограничен мандат, потоа разрешување под услови утврдени со закон и Устав, потоа финансирање на судовите од страна на Буџетот на РМ, потоа исклучива надлежност на судиите во рамките на сопствените овластувања и делокруг, потоа обединување на функцијата на досегашните судови од општа надлежност, специјализираните судови и судовите за прекршоци во единствени судови итн. Министерот кажа дека во предлогот се вградени и одредени мислења, сугестии од експертската група од меѓународно значење, европска експертска група и сметам дека тука треба да се верува, меѓутоа, сметам дека треба да се кажат одредени забелешки кои се важни за идната примена на законот кој е сега на дневен ред.

IV/8.-

Прво, во предлогот постојат формулации со регулативен и апстрактен карактер земни од некои меѓународни конвенции, како што е на пример формулацијата за чесно и брзо судење. Што е тоа чесно и брзо судење, или кај извршувањето на судските одлуки постои формулацијата дека тоа ќе се спроведува на најбрз и најефикасен можен начин

V/1.- ЈМ/ЉР

**МЕРСИМ БИЉАЛИ:** (продолжение:

Потоа формулацијата дека судијата треба да ужива углед и непостоење на механизми како да се вреднува тој углед што се ужива, или не се ужива итн. Начелно во правото не е познато што е брзо и што е чесно, туку сметам дека постои принцип на легалитет и со закон утврдени рокови и механизми за утврдување на таа чесност и брзина на решавање на постапката.

Второ, во Предлогот се предвидува можност на утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења на Врховниот суд од значење за единството на примената на законите од страна на судовите дури тие се задолжителни за сите совети на Врховниот суд. Сметам дека ваква формулација може да доведе до конфузија, до апстракција и дури и волонтаризам.

Трето, работното искуство по полагање на правосудниот исто за судиите на Основниот суд се предвидуваат 5 години за судиите на апелациониот суд 9 години, а за судиите на Врховниот суд 12 години. Јас сметам дека овој рок е предолг, така што во праксата можно е да имаме и стари, дури и изнемоштени судии, а тоа може да се рефлектира врз објективноста на судењето. Светската практика постои дека овој рок е многу помалку и дека искуството може да се стекне дури и со минимален рок. Треба да се вградат нови механизми за утврдување на стручноста, а не искуството, барем не толку како што е предвидено во Предлогот на законот.

Четврто, при основањето на апелациони судови во територијална смисла се доаѓа до своевиден апсурд. Повеќе од половината жители на РМ се поврза со апелациониот суд во Скопје, а двојно помалку се поврзува со апелационите судови во Битола и Штип. Јас не знам какви

аргументи тука ќе дадат претставниците на Владата. Јас навистина сакам да ги слушнам, меѓутоа логично е дека апелациониот суд во Скопје ќе биде двојно поангажиран и веројатно од тоа ќе произлегува дека е и двојно по неефективен, или неажурен. Сметам дека не е потребна толкава остроумност за да се сфати дека тука е во прашање политичкиот аспект. Се работи за недоверба кон една национална заедница во процесот на изградбата на институциите на власта, се работи за трета власт, а недовербата перманентно резултира со недоверба. Јас сметам дека не е можно да се очекува доверба ако поаѓаме од недоверба. Тоа го нема никаде, го нема ниту во љубовка, ниту во политиката, го нема ниту во власта, така што играта ќе продолжи како пинг-понг од недоверба до недоверба, а одговорноста е на власта. Јас не знам дали некој е толку убеден дека на една национална заедница и недостасува одреден ниво на правна култура, или е во прашање нешто друго. Меѓутоа нешто е сосема сигурно, а тоа е дека со ваквиот пристап практично се прекршува основното граѓанско начело, граѓанската рамноправност во формирањето, или образувањето на институциите на државната власт. Јас сметам дека ова може да има одредени последици по угледот на РМ пред светот и не знам дали за тоа мислат креаторите на политиката. Тука не мислам на министерот, јас ова го поставувам повеќе на глобален план, односно на Владата како целина. Сметам дека никој нема такво право да дава повод рејтингот на РМ пред светот да биде деградиран, или омаловажуван а најмалку тоа право го имаат институциите на државната власт. Дури и кривичните дела против вооружените сили се изземени од основните судови, се концентрирани на други основни судови што не е логично.

V/3.-

Петто, дали конечно Владата ќе обезбеди или гатачи, или претскажувачи најпосле како ќе се решава прашањето на употребата на јазиците на националностите, односно како ќе се рационализира членот 7 од Уставот, дали тоа ќе се среди со посебен закон од општ содржај, дали ќе се решава со Законот за локална самоуправа што сепак се работи за посебна дејност, дали ќе се работи за новиот закон за државната власт, или пак дополнително со законите за процесната постапка. Навистина јас барам на овие прашања да ми се одговори.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници по Предлогот на законот за судовите сметам дека ни е должност како пратеник во ова Собрание да истакнам одредени забелешки пред се од начелна природа. Сето тоа е со цел и функција да придонесам во собраниската расправа да се изградат решенија и усвои законски текст што ќе биде сообразен и што ќе произлегува од темелните вредности на уставното. уредување на РМ и нејзиниот натамошен развој како демократска и правна држава и на основната определба на поделбата на власта на законодавна, извршна и судска власт. Моите забелешки од начелна природа се следни: пред се, мислам дека е погрешно законот да се дефинира како системски закон. Самиот збор системски закон е теоретска творба која наоѓа примена во федерални системи и кај нас е реликт на минатото. Покрај тоа системски закон би можел да биде оној кој што одредена материја ги уредува во основа и дава можност и остава простор со други закони од таа иста област да се уредуваат одредени прашања. Тоа не е случај и со овој закон од причини што тој целосно ја уредува организацијата на судството во РМ и не дава можност и со други закони да се доуредат одредени прашања. Значајно е тоа што нашиот

уставен систем не го познава поимот системски закон. Околноста што законот се донесува со двотретинско мнозинство не влијае за примена на поимот системски закон. Такво мнозинство Уставот бара затоа што во Законот се уредува една од областите на поделбата на власта, како што е во конкретниот случај судството. Такво мнозинство се бара на пример и за уредува&е на областа на управата за донесување на некои други позначајни прашања и области за државното уредување на Република Македонија. Толку со ова прашање кое го сметам за значајно, затоа што употребата на терминот системски, се извлекуваат заклучоци и консеквенции кои се несоодветни за овој закон.

Втора забелешка од начелна природа е дефинирањето на карактерот на законот. Тоа влијае на самата негова содржина и на прашањата што можат да бидат уредени со овој закон. По ова прашање сама да го истакнам следното. Законот за судовите е организационен закон неговата содржина и функција е дефинирана во Уставот во членот 98 став 5. Според оваа одредба уставни рамки се тие што со овој закон можат да бидат одредени видовите на судовите, нивната надлежност, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите. Другите прашања содржани во овој став на Уставот како што се на пример постапката пред судовите и сл. се уредуваат исто така со закон, но не со овој закон, туку со мноштвото други закони од областа кои се однесуваат на бројни прашања од процесно - правна, материјално правна природа. Ако понапред набораните прашања се уставната. рамка во кои може да се движи овој организационен закон, тогаш се поставува прашањето, дали значителни делови од предложениот текст остануваат во тие рамки, или излегуваат од нив. А ако излегуваат надвор од тие рамки, тогаш се поставува прашањето, дали тие делови на предложениот закон имаат уставно правна основа. Одговорот е дека по повеќе прашања текстот на Предлогот на законот што е поднесен пред

V/5.-

вас почитувани пратеници излегува надвор од изложената уставно правна основа. Затоа не се потребни повеќе напори истото да се аргументира. Така на пример со овој закон се дефинира кој ја врши судската власт во РМ. И притоа се посочува дека тоа го врши Врховниот суд ,апелационите судови и основните судови. И ако овој закон нема уставно овластување да доверува вршење на судска власт бидејќи е тоа уставна материја и мора да остане само можност и право Уставот тоа да го дефинира. Ова натаму патува на заклучок дека и текстот не разликува вршење на судска власт од вршење на судската функција, иако со определувањето на надлежноста од ставот 5 законот може да ја дефинира и да ја пропише мрежата на судовите што ќе ја вршат судската функција. Или на пример со одредбите на Предлогот на законот член 10 став 2 се даваат процесно правните начела врз кои судовите се одлучуваат во одделни постапки. Меѓутоа општо познато е дека процесно правните начела не се работа на уредувањето на овој закон, туку тоа е материја на процесните закони кои што ова прашање ќе го уредуваат сообразно со карактерот на постапката што се пропишува со нив. Како на пример посебни правила и начела за водење на процесната постапка, посебни начела за водење на кривичната постапка, посебни правила за водење на вонпроцесната постапка, посебни правила на управниот спор. Посебни правила за водење на прекршочната постапка итн. Или на пример со овој закон се уредува и се востановува една нова институција, а тоа е судската полија. Овде се поставуваат многу прашања кои се од суштинско значење, но да го споменам само тоа од каде произлегува овластувањето со овој закон да се востанови една сосема нова институција. Кога веќе го споменав ова прашање, тогаш да напоменам уште дека институцијата судска полиција навистина е позната во современите правни системи. Меѓутоа, никако со ингеренции на

редарска служба, туку со значителни процесно правни овластувања во казнените постапки. Тоа со овој предлог не е случај, а се востановува една нова институција која во нашиот систем традиционално никогаш не живеела, а треба да врши едноставни редарски работи како такви што и досега ги вршеа, но не од судската полиција, туку од судски редари кои со поголеми, или помали пропусти успешно ги вршеа работите. Да го оставиме на страна тоа што и самиот поим судска полиција не е многу популарен, бидејќи очигледно ќе постојат повеќе видови полиции како што се редовната, финансиската и сл. И покрај тоа што уште поважно се создава определена паралелна надлежност со редовната полиција што може да доведе до несакани последици иако ново востановената никогаш според својата подготвеност и функционалност не ќе може да ја достигне редовната полиција.

Трето, од начелна природа е и забелешката по прашањето дали предлог законот треба да ги повторува уставните начела за организацијата и работата на судството. Со самото тоа што во предлогот уште во првиот член е поставено заглавие: основни начела. Овде не станува збор само за правно техничко прашање дали истите начела што се веќе содржани во Уставот кој правно е од повисок ранг од законот, така што не му треба законска одредба за тие уставни начела да се применуваат, туку прашањето е во тоа што со потврдувањето на уставните начела во законот се девалвира функцијата на уставното начело. Овој проблем не треба посебно да се докажува, туку е доволно да се има во предвид низ каква процедура треба да помина донесувањето на Уставот за да дојде евентуално до измена на една негова одредба, а колку е поедноставна процедурата за измена на еден закон кој од дадената ситуација може да се измени, а со тоа да претрпи корекции и тие негови начела. Значи, прашањето е суштинско со оглед на тоа што уставното начело на судството ако остане уредено само со

Уставот е многу посилна гаранција отколку таа ди биде преточена во закон. Надвор од тоа и од рационални причини во законодавната техника е познато дека тоа што како принцип е уредено во Уставот служи само како постулат за уредување на нормативниот дел на законот, а не за негово едноставно преземање, а згора на тоа и погрешно однесување или дополнување на самиот закон што не е дозволен, бидејќи му дава друга смисла на начелото.

Од начелна природа е и забелешката во однос на преземањето и изнесувањето во законот на повеќе декларации од меѓународните документи во судството. Прво треба да се нагласи дека согласно членот 98 став 2 од Уставот на РМ меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот се применуваат како и домашните закони, а уште повеќе тие имаат супранационален карактер и се применуваат и пред домашниот закон при што е доволно истите да се во согласност само со Уставот на РМ. Натаму ова конкретно значи дека случај е изборот токму на овие декларации од меѓународните договори и тие да бидат внесени во Предлогот на законот. Ова го нагласувам затоа што е познато дека постојат над десетици меѓународни договори и конвенции од различен вид кои се однесуваат на судството. Голем дел од нив важат како позитивно право во нашата земја, а дел од нив ќе бидат прифатени и ратификувани. Ако е така, ако се во прашање стотици такви одредби во овие договори со уште посуштествени и пофункционални решенија од тие што се дадени во Предлогот, тогаш се поставува прашањето, каква е смислата токму на тие што се превземени. Законот би бил многу побогат и пофункционален ако во вреднувањето на неговиот нормативен дел можело да послужи идејата на некои од новите во меѓународните договори, а не тие да се превземаат и како декларации вградуваат во предлогот. Оттука сум слободен да тврдам дека тој цел дел на одредби се додека започнува втората глава на законот организацијата и надлеж-

ност немаат никаква посебна функција, затоа што тука се едноставно преточени, или уставните начела споменати и правила на меѓународни договори. Згора на тоа помеѓу нив има такви кои што меѓународната заедница ги дефинирала за државите во кои правниот поредок не е уреден, туку во кој се уште владеат автократски и не правни системи. Како инаку да се толкува одредбата во овој степен на развој од членот 11, дека секој обид на влијание врз судијата во врска со судењето се забранува. Тоа решение е надминато и веќе моралните и етичките принципи не дозволуваат да се врши било какво влијание на судовите. Покрај тоа се поставува прашањето за одредбата од членот 7 имајќи го во предвид уставниот постулат за еднаквоста на граѓаните пред законот. Потоа решението од членот 11 за неприкосновено дејство на судската одлука кога се знае дека постои институт на вонредните правни лекови, на рехабилитацијата на помилувањето, или што значи дека судската одлука може да се менува само од страна на надлежниот суд кога наспроти тоа во Уставот пишува дека повторувањето на постапката на штета на казнетото лице е забранета, или што значи дека судот го применува и толкувањето на законот кога Уставот упатува единствена примена на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори во согласност со Уставот итн. Ова сето укажува дека случајниот избор токму на одделни правила од меѓународните договори кои се однесуваат и пропишувани во еден друг контекст и во сосема различни историски уставно правни и општествени прилики од нашите е погрешно. Далеку порационално овие меѓународни договори како целина и делови да бидат преоставени да ги цени судијата во конкретната примена. Затоа тие не се само непотребни во текстот, туку и штетни со непредвидливи консеквенции и во примената.

V/9.-

Наредната начелна забелешка се однесува на едно мошне крупно прашање иако во првиот дел на законот е од затскриена зад определени фрази и треба да го престави законот како современ и модерен. Тоа е прашањето за тоа кои се изворите на правото што ги применува судот во конкретното решавање, дали се тоа единствено Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот, или покрај нив како извори кои се задолжителни согласно на членот 98 став 2 од Уставот можат да најдат и примена уште и принципот на правда и правичност. Во прашање е различитост на категории и на изворите на правото. При ова може да се рече дека тоа се два вида на извори на право кои по правило меѓусебно се исклучуваат, ретко кога се поклопуваат во нивната материјална смисла. Не е на одмет да се објасни дека законот може да пропишува едни норми кои во суштина не одразуваат, или не можат да одразат правда и правичност.

**ТУШЕВ ГОШЕВ**: (продолжение)

Тие посебни два извори се поклопуваат тогаш кога законот ќе упати на примена на принципот на правда и правичност. Да потсетам дека таков е случајот, на пример, со Законот за експропријација за при определување на надоместок каде што треба да се прими принципот на правичност. Но, и во овој закон се применува Законот и по принципот на правичност, затоа што самиот закон упатува на примена на принципот на правичност. А не затоа што судијата ќе наиде да примени принцип на правичност, значи, во нашиот систем не е допуштена паралелна примена и на уставноста, законитоста и меѓународните договори од една страна а од друга страна и на правдата и правичност. Тоа го познаваат одредени пранви системи, особено оние каде владеат непишани закони, туку се одлучува според претседенското право донесувани од судовите кои во конкретниот случај според принципот на правичност се применуваат: За вакво решение во повеќе одредби во уводниот дел кои покрај другото меѓусебно се и противречни, не може да претставува основа односно основен постулат од темелните вредности од членот 8 став 1, алинеја 3 со која пропишува владеењето на правото во земјата од Уставот на РМ. Тоа е темелна вредност од најопшта природа што го карактеризира правниот систем во целина и кој поради тоа никако не дава за право да се негира конкретната норма спомната во член 98, став 2 од Уставот.

Начелна забелешка и во однос на организацијата на судството, во делот 2 во предлогот на распределбата на надлежностите, сметам дека ова е мошне крупно прашање кое не е до крај проучено. Во овој дел од начелна природа се појавуваат посебни прашања . Пред се, нема систем во именувањето на самите судови. Така, едни се именуваат според рангот како што се Основниот и Врховниот, а други се именуваат според процесно правната функција, како што се апелационите судови. Бидејќи Уставот го дефинира Врховниот суд, кој што  не може поинаку да биде

означен од тоа како гледа Уставот, тоа треба да претставува критериум како ќе бидат именувани другите судови. Тоа упатува на концепцијата судовите што одлучуваат во прв степен кај кои е концентрирана целокупната надлежност да се наречат основни судови, според таа логика, повисоките од нив треба да бидат именувани како повисоки или виши судови и најпосле на ранг листата е врховниот суд кој е највисок суд во Републиката. Поимот апелационен суд не одговара, затоа што тој ја одразува постапката, а не рангот на судот. А згора на тоа зборот апелација не е применет во нашиот правен систем. Ако по таа логика се оди, тогаш треба да биде употребена, или поимот второстепен, или жалбен суд според поимот на жалба, што како уставно дефинирано средство постои кај нас.

Второ прашање од начелна природа на овој комплекс е концентрацијата на севкупната надлежност во казнената област, во основните и првите судови. Тоа подразбира дека и целокупната прекршочна материја треба да биде концентрирана кај овие судови кои што ќе бидат загушени со предмети што нема никаква смисла, нити потреба во оваа фаза за разговор. Јас тврдам дека се до оној момент, додека во нашиот правен систем не се дефинира поимот на казнено дело и кого од сегашната категорија прекршоци не бидат извлечени оние дејствија што треба да бидат ставени во категорија на казненото дело, има место за понатамошно постоење и дејствување на судовите за прекршоци, како вид на судови. Затоа, не претставува никаква пречка или забрана од одредбата од членот 98, став 3 од Уставот, кој организацијата во судството кај нас е единствена. Тоа се вид на судови кои ќе дејствуваат во рамките на судството. Меѓутоа, очигледно дека Предлог законот тоа не го допушта, бидејќи уште во членот 1 има одредба дека судовите што се основаат по овој закон ја вршат судската власт.

Од начелна природа е и прашањето што со предлогот се дозволува постапката за одредени видови прекршоци да ја водат и други органи и тоа управни органи и тоа во основа на девизните, царинските и финансиските прекршоци. А познато е дека тоа се најтешките видови на прекршоци. Од друга страна сосема е неизвесно дека согласно членот 13 од Уставот на РМ лице може да биде обвинето или осудено за казниво дело само пред суд, а не пред управен орган.

Начелна забелешка е и во однос на несиметричната поделба на надлежностите на судовите. Предлогот на законот разликува основни судови со потполна надлежност и друг вид на основни судови со непотполна надлежност. По однос на чија надлежност по пат на законска делегација нивната работа и тоа само во казнената област ја вршат судовите кои се изрично наведени во законот. При ова мислам дека се предвидени две основни прашања, а тоа е дека одредени судови ќе останат неразвиени, што е недопуштено, бидејќи дел од нивната работа ќе ја вршат поблиските, поразвиени судови.

Второ дека законската делегација, главно, се внесува во казнената, правната област. Ако оваа област е помала во примена на правото, а во прашање е утврдување на факти што содржат иста правна проблематика и кога се суди и за најобична клевета, како и за најсложеното казнено дело. Овде треба да се нагласи дека тоа ќе има неминовен оглас за развојот на правниот живот во одделни општини. И ставањето на општините во нееднаква правна положба.

Значајни прашања се поставуваат и во однос на привилегиите што им се даваат на судиите. По однос на нивното бесплатно патување со автобус и други превозни средства, или други ситни бенефиции, што треба да послужат како аргумент дека со тоа се засилува независноста и самостојноста на судиите во одлучувањето. Јас сум слободен да истакнам дека тоа се решенија со кои се навредува личност на судиите, а не дека тоа е гаранција за нивна самостојност и независност.

Покрај тоа сметам дека со тоа судиите сосема неоправдано и без никаква корист ги издвојуваме од другите граѓани, иако по ова прашање и по однос на општествената положба сите граѓани пред законот се еднакви.

Од начелна природа е и прашањето во однос на изборот на судиите поротници. Ако е уставно решение дека по правило судовите судат во состав, се подразбира и учествување на судии поротници, тогаш е несфатливо како законот судиите поротници ги става во нерамноправна статусна положба во однос на судиите професионалци. Тоа значи дека и судиите поротници треба да бидат избрани на ист начин како и судиите професионалци, за да можат и тие по сите аспекти во однос на одлучувањето да се чувствуваат еднакви со судиите професионалци.

Од начелна природа е и прашањето за постоење на одредби со овластувања на министерот и Министерството за правда во доменот на судството. Министерството за правда, како и другите органи е управен орган на кој тек претстои негово дефинирање, имајќи предвид дека законот за органите на управата не е донесен. Ако во опција е единствено алтернативата Управата да се трансформира како сервис на граѓаните, што значи нема да биде ни во составот на извршната власт, кој според Уставот и сега не е, а и тогаш е апсурд за решенијата да имаат било какви ингеренции во доменот на судството. Ако Законот за органите на управата го сфатиме како допис кој што исто така е во фаза на транзиција, тогаш и од него ќе отпаднат одредбите министерот да може да донесува потзаконски акти. Според тоа, тоа не ќе може да го донесе ни деловникот за работа на судовите. Погледајте ги одредбите за органите на управата во членот 95 од Уставот на РМ и ќе видите дека управниот орган не е овластен да донесува ниту еден подзаконски пропис. Според тоа, тој не ќе може да го донесе ниту Деловникот за

работа на судовите, а уште помалку да врши управни ингеренции или да учествува во утврдувањето на средствата за работа во судовите и да врши работа воопшто во таа област.

На конкретниот текст на Предлог законот имам бројни забелешки по повеќе прашања кои се непрецизно дадени или се меѓусебно противречни, или пак несоодветно и непотребно се повторуваат од еден во друг член. Меѓутоа, сметам дека ова што напред го истакнав е од мошне начелна природа и ја доведува во прашање концепцијата на самиот закон. Според тоа сметам дека на предлагачот треба да му се даде уште една можност да го прочисти текстот и да го сообрази за да може да биде соодветен што треба да ја остварува функцијата судството во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги, бидејќи ова е начелна расправа, а се работи за предлог на закон, а не за предлог за донесување на закон, мислам дека има малку шанси да се даваат поголеми забелешки кои би имале карактер на темелно менување на неговата содржина денес. Меѓутоа, со оглед дека ние сепак сме во фаза на градење на правниот како и воопшти и на целиот систем, мислам дека некои забелешки треба да се кажат и во оваа начелна расправа за да се имаат предвид евентуално и при остварувањето односно спроведувањето на законот, но и при негово донаградување понатаму, бидејќи сметам дека тоа објективно ќе следи.

Прво, сакав и јас да кажам неколку збора само за ова на крај што го кажа последниот дискутант, а тоа е организацијата на судството и јас мислам дека законот требаше да биде поконзистентен во смисла на обезбедување на единството на судството. Мислам дека тој во одредена

мера тоа го постигнал со надминување на некои различитости односно степенување на судската власт во Републиката, но мислам дека во рамките на едното ниво во судството, како што е основното судство можеше да обезбеди поголема уедначеност на овластувањето и на власта во него. Мислам дека е незгодно да постојат судови со поголема, помала или поодговорно и понеодговорна надлежност. Верувам дека и самата судска власт тоа набрзо ќе ја почувствува и верувам дека и таа сама ќе бара тоа да се измени. Па, би било добро и ние како Влада односно како Собрание да бидеме иницијатори за таквата промена.

Во таа смисла, исто така, би го поддржал предлогот, малку, сепак постојно да се размислува барем во скоро време да се види за преголема концентрација на судските предмети во Скопје и тоа од сите области. Јас можам да земам како примери некои негативни конотации. Но, само од таа позитивна функционална гледна точка гледано мислам дека тие непотребно оваа сета западна Македонија треба да дојде во Скопје, а жалбените процеси се толку обемни, толку по бројни и толку често се повторуваат, бидејќи таква ни е и состојбата со ефикасноста во целото судство, да мислам дека една жалбена постапка трае далеку подолго отколку самиот процес на судењето. И ние само од таа гледна точка водејќи сметка, треба да најдеме организација и распоред кој што ќе ја олесни целата оваа работа во вториот степен, како што викате апелационен, јас сум исто така попристалица на тоа, тоа да биде виши суд, бидејќи и таму се суди и тој треба да држи не само жалбен карактер, туку на еден карактер на суд, кој суди и опсудува.

Второто е прашањето за независноста, обезбедување на поголема степен независност на судот и сега овие две прашања врзани за тоа. Изборот, на пример на судиите. Ние со право мислиме дека ако сме ние инстанца која ги избира судиите како највисок орган законодавен во земјата дека е тоа обезбедена една така да кажам големо ниво на

селективност, изборност па и аутаритативност на селективност на судството. Меѓутоа, дајте да се обидеме да го свртиме од другата страна проблемот. Што значи дека во собранието да бидат избрани сите судии во услови кога се знае дека собранието го сочинуваат пратеници и тоа обично е такво мнозинството да ги избира. А со мнозинството, обично, не само кај нас и не само сега, што е апсолутно, туку и цел свет владее Влада. Мнозинството на пратениците имаат странките кои прават Влада. Според тоа, во крајна инстанка кој ги бира судиите? ги бира на некој начин Владата. Според тоа не е со самиот чин дека Собранието ги бира судиите и најдемократски и врвен степен на остварување на самостојноста на судовите. Напротив, има големи теоретски постапки дека е тоа ограничување на судската самостојност со самиот чин дека тие се бираат од страна на Собранието. Затоа, нам ни е потребно натаму да размислуваме, дали освен судскиот совет и Врховниот суд треба и другите судии да ги бира Собранието. Зошто не можат овие две инстанци на судство да ги бираат судиите, основните и апелационите, односно повисокиот, понискиот. Зошто? Дали со тоа не е поголема заокруженоста на судската самостојност, отколку што е оваа што нем

ислам дека е лоша, но мислам дека оваа другата би била подобра.

Трето, мислам дека околу финансирањето оваа дефиниција дадена во членовите 100, 101 и 102 дека со посебен закон, мислам дека во тој закон треба да биде тоа буџетски средства за судство. Не само со закон, туку битно е тие средства собрани со закон, кој ги собира и кој им врши нивна дистрибуција. Мислам дека и на таков начин треба да обезбедиме одредена гаранција, материјална за обезбедување на судска самостојност. На крај, само кратко јас кажав некои забелешки, министерот ги знае, за некои од нив покажа разбирање, што и лично сум

благодарен, мислам дека од оние 12,13 ингеренции по законот што му се дадени на министерот, со потзаконски акти, односно со акти на министерот и Министерството ги регулира некои работи да се отиде, да се ослободи од содржини кои што навлегуваат во функцијата на самото судство. Особено, тука мислам за прашањата врзани за правилникот за работата на судовите и особено на членот 78. Бидејќи тие ги кажав и во комисиите и се напишани во еден амандман, околу нив не би должел

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, иако предлогот на законот за судовите доби преодна оценка од стручњаците од Европска заедница, но сметам дека во законот има некои недоследности или недостатоци и тоа јас само за илустрација ќе наведам

Прво, определбата за бројот на судиите поротници одлучува Врховниот суд на Македонија, а од друга страна за бројот на приправниците, стручните соработници и др. одлучува Министерството за правда, мислам дека е неспоиво, затоа што евиденција за обемноста по основните судови , апелационите судови, па и во врховниот суд води Министерството за правда. И таа треба да одлучува и за судиите поротници.

Кога сум кај судиите поротници не можам, а да не истакнам дека нивно учество е присуство на лаичкиот елемент во право раздавањето, па оттука како може да се бара некоја школска спрема што го бара овој предлог на закон. А прифаќаме од друга страна лаички елементи. Учество на поротникот е практично тоа тој да придонесува за разјасну-

вање на животните односи , приликите и се она што е специфично во таа средина. Сега за сега ако сме се изјасниле да бараме млад судски кадар, кој ќе биде способен и стручен, тогаш не ќе можам да се сложам со тоа да по полагањето на правосудниот испит се бара искуство од 5 години за избор на судија во Основниот суд.

Исто така, сметам дека во овој правец предлагачот користи нејасни и неодредени формулации, кои во практиката можат да се злоупотребуваат. Така, во овој Предлог на закон еден од условите за избор на судии е предвидена формулацијата дека како судија може да биде избрано лице кое ужива углед за вршење на судска функција. Па, сето ова не потсетува на онаа поранешна формулација, политичка подобност. Значи, политички подобен и неподобен. По тој пат многу е лесно да се дисквалификуваат кандидатите за судии.

Интересно е тука да се спомне и ова дека претседателот на судот се избира од редовите на судиите на тој суд. А јас сметам дека ова е тесно поставено и во практиката ќе има потешкотии во примена. Мислам дека ова треба да биде уредено така да претседател на суд може да биде избран и од редот на квалитетните судии од било кој друг суд , па може да биде претседател на суд, на пример, на Основен суд и судија од повисок суд, од апелациониот суд и тн.

И натаму, предлагачот по однос на право на употреба на јазиците има два аршина и тоа, кога им треба излегува со становиште дека правото на употреба на јазиците да се уреди со еден единствен закон , а некогаш кога е потребно застанува на становиште дека ова право треба да се регулира со секој закон поединечно. Па, било едното или другото важно е дека не е доследна Владата како предлагач на законот. Во овој закон ништо не се предвидува по однос на употреба на јазиците.

VI/10

Сметам дека треба да има посебна глава посветена по ова прашање, кое детално ќе ја регулира оваа материја.

Сигурно некој размислува дека тоа треба да се регулира со Законот за кривична постапка, меѓутоа, судовите не го користат само законот за кривична постапка, туку користат и други процесни закони, а некои од нив веќе се и донесени, а јас би го истакнал само законот за семејство, а ги има и други.

**АБДУАЛДИ ВЕЈСЕЛИ:** (Продолжение)

Предлагачот овде ни предлага закон кој е спротивен на Уставот на Републикава и тоа во делот кога зборува за називот на судот, штембилот, печатот итн., па и тука не нашол дека е потребно да го почитува членот 7 од Уставот. Исто така сметам дека оваа определба е пркосна, тоа се докажува и со апелациониот суд, што во Тетово или Гостивар не е предложен таков суд, само јас нема да се пуштам во тоа, гледам дека има и амандман за овој апелационен суд. Само јас би истакнал тоа како може да не се предлага за водење на судски регистар да биде и основниот суд во Тетово, во која општина има регистрирано повеќе од 50 00 фирми што се под дневни промени, па и за тие мали промени треба да се создаваат редици пред Основниот суд во Скопје кои очекуваме да биде премногу оптоварен.

И сосема на крај да искажам едно незадоволство кога предлагачот се определи да го ограничи судијата во вршење на својата функција да не прима подароци. Па, тука се прашувам, дали другите работници на правосудството треба да им биде дозволено, па затоа мислам дека оваа норма е сувишна кога за тоа е предвидена казна во кривичниот закон на Македонија.

На крај сметам дека поради тоа што има големи разлики со поранешниот предлог на закон кој ен бил усвоен, па затоа овој предлог на закон да се смета Предлог на закон и да се заврши со општа расправа.

VII/2.-

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господин претседателе, почитувани дами и господа. Сметам дека е добро што конечно на дневен ред пред Собранието дојде и законот за судовите и тоа во завршна фаза кога конечно Собранието треба и да го усвои. Ова од причини што подолго време сите сме сведоци на една неиздржлива ситуација во оваа област и од причина што, уште пред три четири години со донесувањето на новиот устав на РМ; претрпеа радикални измени политичкиот систем на РМ особено во оваа област и од таа причина требаше конечно да се донесе законот кој ќе биде во согласност со одредбите на Уставот во оваа област.

Сметам дека со овој закон дефинитивно ќе отпочне и конституирањето односно доконструирањето на третата власт т.е. судската власт и ќе се заокружи тој трет сегмент на власта и ќе се создадат формално правни односно законски претпоставки за подобар, поефикасен начин на организирање и формирање на судската власт во РМ.

Сметам дека законот треба да овозможи до крај владеење на правото, непристрасно и ефикасно судство и што е најважно, независно судство од било каков можен облик на влијанија, а особено политички, а ќе се овозможи поголем степен и стандарди на заштита на граѓанските, слободи и човекови права. Сметам дека добро е што во досегашната расправа, мислам на комисиската, доста дилеми, отворени прашања и забелешки беа надминати особено во поглед на начинот, условите и критериумите за избор на судии и судии поротници, и соодветна заслепеност итн.

И покрај сите напори останаа доста прашања отворени а ќе се обидам некои од нив да ги истакнам во оваа општа расправа по текстот на законот. Сметам дека остана впечатокот дека ингеренциите и влијанието на Министерството за правда на работата, конституирањето и функционирањето, искуството е над она неопходното и потребното

за нормално функционирање на судската власт. Сметам дека требаше да се смогнат сили на позицијата на Министерството за правда, а преку тоа и Владата, да биде поповолно ограничено со што ќе се добие една поголема независност на судството.

Според мене остана ненадминато и прашањето на критериумите за избор на судии на сите нивоа на судството односно судската власт. Тука пред се мислам на острите критериуми по однос на искуството на кандидатите за избор на судии. Ова не го велам од личниот впечаток туку и од доста консултации и упатени писма до Комисијата за политички систем овие критериуми да се смалат односно да се ублажат. Овој висок ценз според мене да биде намален,

Предлагачот несмогна сили да овозможи и основање на четврт апелационен суд за што имаше и амандмани, ќе има, затоа што според сите податоци ова прашање се јустифицира односно е оправдано за што пошироко дискутираа и моите почитувани колеги Билали и Рамадани.

Во обидот да се создаде единствен односно едноформен облик на судство со општа надлежност судовите од ист ранг според мојот впечаток што беше забелешка и на г-динот Туше Гошев, добиваат на еднаков третман, на еднаква надлежност зависно од нивната географска лоцираност, односно зависно од нивното седиште. Тоа според мене требаше да се надминува односно поинаква поставеност на судските органи односно судовите од ист ранг да се изедначат односно надлежноста.

Иако законот за судовите е основан и базичен закон врз кој ќе се засноваат и другите закони кои ќе следат, особено оние кои ќе ги регулираат постапките, прашањето на употребата на јазиците како што и доста пратеници пред мене забележаа остана надвор од законските рамки на законот за судовите што сметам дека е непотребно и покрај

образложението дека тоа прашање со други соодветни закони ќе се регулира. Сметам дека правниот основ за ова прашање требаше да се најде во овој закон и тоа токму во начелата односно во членот 10 од Законот, па соодветно врз таа правна основа соодветните закони и да ги примениме.

Сепак, за овие и многу други прашања кои беа истакнати од другите пратеници, а кои ќе бидат истакнати и во расправата што ќе се води, сметам дека има уште простор, ќе уследи и амандманска расправа барем и дел од некои од забелешките ќе можат да се прифатат од страна на предлагачот и Законот да добие зелено светло за што сметам дека е крајно неопходно донесување на ваков закон.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Без оглед на сите забелешки евидентно е дека овој закон предизвика соодветен интерес за неговата важност, и сметам дека ние денеска овој закон ќе го изгласаме и затоа јас бев оптимист дека денешнава седница на некој начин ќе има и свечен карактер затоа што со донесувањето на овој закон ние дефинитивно после пет години ја конституираме и третата власт во државата. За жал не присуството на повеќе членови на Владата, со полн респект на присутните, сметам дека ја девалвираа оваа денешна седница особено што таа е и последна, барем така е навестено пред одењето на годишните одмори. Не е прв пат да бидеме поставени во една ваква, би рекол, понижувачка позиција но нека биде тоа за последен пат.

Предизвикот на правната наука и воопшто она што значи заокружување на третата судска власт со право предизвика една многу квалитетна и општа расправа така да практично сето она што се случуваше во сите комисии, а и во денешниот тек на оваа општа собраниска расправа дава за право дека сакаме да донесеме закон кој

што ќе биде квалитетен и кој што веројатно ќе треба да значи надополнуваше на сето она што ни недостасува и што стопати тука во собранието сме го констатирале, недостатокот на таа трета судска власт.

Неколку работи морам да ги нагласам. Без оглед на тоа дали цензусот може да биде помал или поголем во основа не треба од овој закон да очекуваме чуда., затоа што сепак се работи за судска власт која што вака или онака функционира. Се работи веќе за изградени личности, се работи веќе за еден потенцијал од кои што ние ќе ја формираме оваа судска власт со овие судови. Сигурно дека ние нема да увеземе судии од други држави и од други краишта. Тоа е потенцијалот кој што го имаме, кој што сме го создавале и фала богу сметам дека имаме една солидна база и основа за да имаме и квалитетно судство.

Повеќе во законот мене ме загрижуваат неколку работи:

Прво, Законот може да биде прекрасен, како што е, без оглед на сите наши забелешки и амандманите, ако ние не создадеме работни и)>просторни услови, ако на преден план не бидат високите морални и етички квалитети при изборот на судиите, ако во преден план не биде независното судство што би значело практично растовареност од она што е влијание на потесната, поширокота па и поинаква околина за што да се срамуваме, неколку претходници тука се обидоа да укажат на тоа, јас ќе го посочам со правото име и презиме. Изборот на судиите од страна на овој парламент за мене не претставува никаков висок демократски чин затоа што ова е партиски парламент, изборот на судиите ќе биде по партиска припадност. Нека ми извинат и судиите и присутните, имаме можност, тука гледаме, враќаме предлози на Републичкиот судски совет, а потоа изгласуваме со апсолутно мнозинство. Сметам дека сите ние знаеме како се однесуваат судиите на последните избори. Немојте да градиме илузии дека ќе биде поинакви од тоа што се.

VII/6.-

Треба да најдеме инструменти, неколку колеги тука убаво на тоа посочија, недоволни се инструментите и одговорноста и разрешувањето на судиите. Прекрасни се критериумите за избор на судиите. Дадени се сите оние елементи, аргументи кои што треба да бидат основа за да биде избран еден судија. Меѓутоа, сето друго е толку релативно, толку е тоа недефинирано да навистина јас сум загрижен за ова, зборувам од аспект на тоа што се случува околу нас, вие гледате уште по- убаво, Вие ги знаете поубаво и судиите,ги знаете и вашите контакти со нив. Јас знам само едно. Ако некоја партија што не е на власт организира било каква активност, нека биде таа најинтересна, најстручна, најважна, нека биде на таа трибина донесен светски стручњак ниеден судија не доаѓа тоа да го следи.

Нека биде активност од вас драги колеги, почитувани, може да ви завидам , можам да ви завидам на мноштвото што сте тука, организирате било каква активност, еве ги тогаш сите судии, дојдени се . Е, што е сега онаа одредба во Законот за судство, точно стои политичка активност. Како ние ќе ја дефинираме таа политичка активност. Дали ние ќе се откажеме она што значи најупатениот дел од општеството, судиите, третата власт, ако ние сме политичари и се бавиме со политика, викаме дека судството не треба да има политичка активност, а и тоа е власт, трета власт ја викаме судска власт. Дали може таа без политика, се прашувам. Практично овој закон што има основна задача преку надлежните институции, Републичкиот судски совет Врховниот суд па и Уставниот суд, па и сите нас практично да изведеме независно судство. Инаку, колку тоа овде ќе значи објективност, колку сите тие критериуми за кои што се залагаме ќе дојдат до израз веќе имаме примери. Нека тие примери бидат последни примери за да не ни се повторуваат и да имаме доверие и во таа смисла го поддржувам во потполност мојот ценет

сограѓанин иако уставот не ограничува, можеби беше добро да се размисли да судиите во. основните судови ги избират повисоките судии. Дали тоа би бил Републичкиот судски совет или Врховниот суд на Републиката. Мислам дека ќе имавме една поголема објективност и поголема неутралност.

Сигурно дека овој денешен ден ќе треба да биде запишан во историјата на работата на овој парламент кога конечно конституираме една власт. Им порачувам на идните судии, порачувам на судството во целина, сепак да бидат на висина а на својата професија, да бидат на заклетвата која што ќе ја потпишат и во својата работа да има се помалку вакви укажувања, добронамерни и нека повлечат понатаму што побрзо донесување на подзаконски и други акти особено други закони без кои што не ќе можат да бидат квалитетни, неутрални и објективни судии. На прво место законот за денационализација и другите закони од таа сфера.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, донесувањето на нов закон за судовите е условен од целокупните демократски процеси во РМ, и сообразно со тоа темелната вредност на Уставниот поредок на РМ, за поделба на државната власт на Законодавна, извршна и судска, како основен услов за остварување на начелата на правната држава и заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Во функција на начелата на легитимност и законитост во Уставниот систем е да се зацврстат и прецизираат правните основи за организацијата и функционирањето на судовите и ако да се обезбедат посоодветни и пофункционални претпоставки за ефикасно дејствување на судовите како суштествен орган на правната држава.

Едно од најсуштествените прашања е зацврстувањето и прецизирањето на правните основи врз основ ана кои судовите дејствуваат

како независни државни органи, нивната самостојност во решавањето и заштитата на слободите и правата на човекот и граѓаните како и интересите на другите правни субјекти во обезбедувањето на непречено остварување на правната држава.

Би сакал да ве потсетам дека во претходниот состав на Собранието комисијата за внатрешна политика и одбрана на неколку пати иницираше состаноци на кои се расправаше за неодложната потреба од донесувањето на законот за судовите.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

На овие состаноци, покрај пратениците, учествуваа и претставници на судската власт. Притоа се укажуваше на последиците што ги предизвикува недонесувањето на Законот за судовите, односно негативниот одраз на севкупните состојби за нормално одвивање на работата на правосудните органи. Исто така, се укажуваше на секојдневните практични проблеми, со кои се оптоварени судовите, како што се: одлив на голем број стручни искусни кадри од судовите и други правосудни органи, се побројните реагирања на граѓаните во однос на одолжувањето на постапките во судовите, присутните проблеми од финансиски и просторен карактер и др.

Претставниците на судската власт укажуваа дека недонесувањето на Законот за судовите ја одлага примената на Законот за јавното обвинителство, со оглед на тоа што самата организација на Јавното обвинителство и организацијата е поставена и разграничена согласно со мрежата и надлежноста на судовите пред кои тие постапуваат.

Комисијата во своите заклучоци, кои произлегуваат од овие состаноци, апелираше Собранието што поитно да го донесе овој закон, со што би се обезбедиле неопходните претпоставки за конституирање на третата власт во државата.

Меѓутоа, како што ни е на сите познато, во претходниот состав на Собранието со оглед на тогашните распоред на политичките сили, кога преовладаа тесно партиските интереси наместо државните не се изгласа односно не се донесе Законот за судовите.

Од сите тие причини денес, во услови кога вршењето на судиската функција е сведено на најниско можно ниво, ценам дека со донесувањето на предложениот закон аз судовите, за кој денес расправаме, ќе се придонесе во надминувањето на ваквите негативни

состојби во областа на правосудството, а особено во судовите и ќе се обезбедат неопходните претпоставки за ефикасна заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот, а со тоа и конституирање на судската власт на Републиката во целина. Имено, без независно судство не може консеквентно да се изведе правната суштина и заштита на сите досегашни донесени закони, кои се однесуваат на реформите во економската, социјалната и политичко - правната сфера.

Со донесувањето на овој закон се овозможува меѓународна легитимација во судската заштита на економско инвестиционите вложувања, откупот на претпријатија и други економски активности од странство кои досега се доживуваа како дополнителен ризик по оној политичкиот.

Согласно Уставот на Република Македонија и меѓународните правни акти за судството, како што е универзалната Декларација за независноста на судството, чии постулати предлагачот ги имал предвид при подготвувањето на Законот, се укажува дека со предлогот на законот за судовите на нов начин се уредува положбата, видовите, надлежноста, основањето, укинувањето и составот на судовите во Републиката. Имено, со решенијата што се предлагаат да се уредат со овој закон, се поставуваат основите за севкупна реформа во судството и вршењето на судската власт како еден, од облиците на организацијата на државната власт во Републиката, покрај законодавната и извршната, со посебен самостоен независен делокруг.

Укажувам дека со одредбите кои што се предлагаат со овој закон до посебен израз доаѓа самостојноста и независноста на судијата, неговата слобода да се спротивстави на секакви притисоци или влијанија

во одлучувањето, задолжителноста на судските одлуки за сите правни и физички лица и при ова судските одлуки имаат поголема сила во однос на одлуките на кој и да е друг орган.

Сакам да потенцирам дека и Комисијата за внатрешна политика и одбрана, на својата седница одржана на 13 јули 1995 година, разгледувајќи го Предлог-законот за судовите, меѓу другото укажа на потребата да се изнајдат најсоодветни решенија за подобруваше на материјалната положба на судиите. Се предложи финансирањето на судството да се издвои од Републичкиот буџет и оваа материја да се уреди со посебен закон за платите на судиите.

Со одделни измени:и допуни на одредбите на Предлогот на законот за судовите, со кои се допрецизира и подобрува текстот на овој закон, Комисијата за внатрешна политика и одбрана заклучи едногласно да му предложи на Собранието да го донесе Законот за судовите.

Воедно ја користам приликата да го информирам Собранието дека Пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз му дава целосна поддршка на донесувањето на овој исклучително важен закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници, и јас ја користам приликата да искажам дека Пратеничката група на Либералната партија изразува целосна поддршка на донесувањето на Законот за судовите. Лично сум убеден дека не само што е исклучителна потребата од донесувањето на овој закон, туку и дека забележително се доцни во однос на неговото донесување, гледајќи од аспект дека неопходноста е толку голема што се работи за заокружување на еден фундаментален аспект на изградбата на државната власт односно

судската власт. Изразувајќи ја поддршката на донесувањето на овој закон, коментирам дека сум убеден дека со овој закон ќе се постигнат токму оние ефекти кои се сегашна оценка на состојбите на нашето судство - неажурност и неефикасност во пресудувањето, мислам дека со содржината и срећните решенија во овој закон ќе се постигне и уставната определба за самостојно и независно судство, што најповеќе се димензионираат врз основа на одредбите содржани во Законот кои потенцираат дека судовите судат врз основа на Уставот, законот и меѓународните ратификувани договори со закон, понатаму онаму каде што се гарантира самостојноста и независноста на судовите од било какви надворешни притисоци и јавни истапувања во влијанието во однос на одлучувањето на судовите, било какво мешање на извршната власт, понатаму се децидира доследното спроведување на правосилните и извршни пресуди, решенијата кои се во однос на изборноста на судиите и укинување на институтот на реизборноста, изборноста од самото собрание, финансиската независност односно одредувањето на финансирањето од Буџетот на Републиката, основот за разрешување кој е децидиран и најмногу е видлив во однос на детерминантата на самостојно судство дека судиите можат да бидат разрешени само под услови утврдени во Уставот и во постапка предвидена со законот, постигнувањето на единствена организациона поставеност на судството со обединување на судовите од општа надлежност во основните судови кои решаваат по сите кривични и граѓански предметни надлежности постигнувањето на апелационите судови да решаваат само во второстепени инстанци, укинувањето на второстопеното одлучување на врховните судови и многу други елементи содржани во овој закон, упатуваат на единствената констатација и оценка дека овој закон ќе ја постигне главната цел а тоа е подобрување на ефикасноста и ажурноста во заштитата на правата и слободите на граѓаните и интересите на другите правни субјекти во нашата држава.

Изразувајќи ја поддршката на донесувањето на овој закон, сакам до министерот да упатам едно пратеничко барање, кое се однесува на тоа министерот да предложи на Собранието на Републиката програма за предвидувањата да инвестициона изградба во задоволувањето на просторните услови за судовите во општините и градот Скопје.

Од многу дискутанти овде беа кажани тие недостатоци во однос на создадените услови за вршење на судската власт и функција и мислам дека ова прашање, инвестиционите вложувања во судските објекти е толку значајно, толку е како проблем по општините и градот Скопје присутно, што има потреба оваа програма за инвестициони вложувања во правосудството и за намена за изградба на правосудни објекти да биде на ниво на разгледување, за разлика од досегашното на ниво на Влада да биде на ниво на разгледување на Парламентот, со тоа што со закон понатаму би се регулирале нормално изворите на финансирање кои би ја поддржувале таквата инвестициона програма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Со внимание ги слушав сите забелешки, оценки и предлози на општ план. Благодарам, има многу интересни идеи, има и корисни предлози. Јас сепак нема да почнам по редоследот како што беа давани од дискутантите. Ќе почнам со почитуваниот господин пратеник Туше Рошев од проста причина што е најинспиративен, по моја оценка апсолутно означува контра позиција ан онаа концепција која тука е изнесена со Законот и треба да се појаснат концепциските разлики.

Притоа, ќе бидам и практичен, па веднаш да кажам правата забелешка дека било погрешно Законот да се дефинира како системски, бидејќи системските закони соодветствувале на федеративни држави, а не на унитарни, не можам да оценам на што е дадена таа забелешка, дали е дадена на Уставот на Република Македонија, кој што не споменува термин дека Законот за судовите е системски, поимот системски не го употребува, дали оваа забелешка е на Законот аз судовите, каде што нема никаде поим' дека е системски или е на пример на моето воведно излагање каде што нема поим системски туку има само дека е од примордијално значење донесувањето на Законот за судовите. Што значи забелешката веројатно произлегува од некоја недоискажана или недовршена полемика тогаш кога во една неврзана расправа на другарска основа, пријателска или можеби стручна Туше Гошев го сретнал овој поим. Нема потреба на таа основа да се задржуваме на тоа.

Кога станува збор за втората исто така општа забелешка за дефинирање на карактерот на Законот, со елаборација дека основните начела на Законот за судовите имале уставна природа и дека на таа основа во делот во кој има членови од Уставот, ја девалвирале суштината и смислата на уставните членови,а другите се надвор од Уставот, мислам дека со оваа забелешка започнува практично различната позиција или контра тезата, а особено и со втората која е во континуитет на оваа забелешка, мојот одговор е следниот;

Имено, во основните начела на овој закон има само два члена од 23 кои имаат содржина преземана од законот од членот 98 за вршењето на судската власт опфатен во Уставот. Истите тие два члена се присутни во иста содржина во Предлогот на законот за судовите предложен од господинот Туше Гошев или во Тушевиот закон што значи евентуално таа критика, кога станува збор за тие два члена се однесува пост-фестум

и на првиот текст на законот. Меѓутоа, ова меѓутоа е мошне значајно затоа што на оваа забелешка следи предлог на господинот Туше Гошев, дека законот може да почне од втората глава, дека комплетно начелата се непотребни, туку треба да почне од организацијата и надлежноста на судовите. Тука е суштинската разлика на позициите. Имено, која е оваа позиција која го нуди овој предлог врз база на претходната забелешка.

Овој предлог е судството како инструментариум, бидејќи треба да почне од организацијата на судовите и од нивната надлежност, а правораздавањето како правна техника, а судијата како правен техничар. Од тие причини, мислам дека присуството во анализата на господинот Туше Гошев дека станува збор за поделба на власта и за почитување строго на принципот на поделбата на власта, тука тоа присуство на тој исказ апсолутно виси без фундамент. Имено, ако станува збор за една од трите власти и ако станува збор за трета власт во однос на првата и втората која дава правен легитимитет на актите и на првата и на втората, на пример за парламентот уставното судство, да речеме, а на управата и на извршната и на управната власт редовните судии по уставниот императив дека законитоста е загарантирана со Уставот, тогаш значи дека за третата власт треба да има начела, бидејќи судството «е е механизам и инструментариум туку е посебна власт, дека тоа тргнува и од определена специфична сопствена природа и функција и на таа основа треба да ја постави начелната структура или структурата на принципите. Од тие причини, во овој закон има и развиен дел на основни начела, што значи дека првата концепција по логички припаѓа,иако' вербално одречена, на принципот на судството на власта, бидејќи таму судството е функционален дел, механизам, трансмисија и од тие причини нема што да се филозофира, нема што да се поставуваат начела на

судската власт како самостојна или како посебна или како автономна, иако термините автономна, посебна власт како трета власт стојат и во Уставот и во сите меѓународни декларации, туку таа е механизам, трансмисија и треба напросто да почне директно од организацијата и тоа која организација, кои механизми, кои надлежности и на таа основа натаму судијата да биде правен техничар. Тука сметам дека бескрајно се разликуваме, сметам дека законите на таа основа навистина се разликуваат иако не толку, Тушевиот закон содржи сепак една пристојна бројка на принципи, има 13 членови, а овој има 23 членови, некаде повеќе од половината од проста причина што во овој закон се имплементирани не на механички начин туку со сопствени правни изрази кои се конструирани во онаа постапка и од оној правен состав што го соопштив на начин кој што одговара на нашето разбирање и кој може да претставува јасна основа за натамошните надлежности. Од тие причини, мислам дека овој закон има поголема структура на основни принципи или начела или основни одредби заради тоа што лежи и врз компаративното право и се потпира исто така врз меѓународните стандарди. Напросто, екипите беа други и напросто процедурата беше друга во изготвувањето на едниот и на другиот закон и тука е вградено се она што знае и нешто повеќе.

Сосема конзистентно на целата структура на забелешки бидејќи изразува свесно или несвесно една филозофија е забелешката околу изворите на судската одлука и на судењето, каде што господинот Туше Гошев укажува дека се направила некој; противречен склоп на два основни принципи, континенталниот, европскиот кој тргнува и се држи строго до принципот на легалитетот и англосаксонскиот систем кој се држи до прецидентното право или до правдата. Имено, нема никаква забуна, кога станува збор кој е формален извор на праворaздавањето, кога се вели дека во остварувањето на своите цели и функции судовите

се врзани единствено за Уставот, Законот и меѓународните договори, ратификувани во согласност со тоа и вториот став - судовите донесуваат одлуки засновани врз уставот, законот и договорот ратификуван во согласност со Уставот, водејќи сметка за принципот на правда и правичност, што значи врзани и засновани врз она што е уставно по принцип на легалитет, но водејќи сметка и за принципот на правда и правичност. Имено, на свечениот пристап на студентите по право, кога свечено се примаат сите наеднаш, на првиот час, деканот им објаснува дека поимот право и поимот правда се различни.

IX/1.- РД/МЛ

**ВЛАДО ПОПОВСКИ :** (ПРОДОЛЖЕНИЕ )

Или ја цитира една римска изрека "по некогаш правото е и најголема неправда". Меѓутоа, кога продолжуваат судиите и одминува и се наталожува правното знаење, тогаш се сваќа дека правната норма не е гол инструмент на владеачката екипа и таа не е соголена која единствено штрчи со силата на физичката принуда, или со монополот на физичко нејзино спроведување. И се согледува дека право или правна норма е дотолку повеќе, доколку таа има авторитет и се прифаќа од граѓаните, а има доколку е во корелација со политичката филозофија, или со мудроста, или со системот на вредностите, како дел од таа филозофија, до колку има соодност со етиката или со моралот, доколку е во согласност со обичаите и со разбирањето на правда и правичност и доколку е поврзана со една култура, или со одреден културен стандард. Во таа смисла, самата правна норма не може соголено како власт секогаш со стопорен стап да се наметнува, туку судијата, бидејќи не е судијата државен техничар под власта на некој политички центар, туку е самостоен државен службеник кој што врши значајна јавна служба, па е должен да води сметка и за тоа. А инаку, во смисла на законот никогаш нема неразбирање дека судската одлука мора да биде заснована врз Уставот, законите или договорите ратификувани, но и по членот 8 или 9, некогаш кога нема категоричка норма судот не може да откаже да донесе пресуда и тогаш донесува во согласност со неговото разбирање на правниот поредок, а тука директно ќе може или ќе треба да даде одговор, разбирајќи го духот на Уставот, духот на законите или духот на правниот поредок, а за тоа треба судија кој што има култура и кој што има пошироки познавања. Странката кога се обраќа кон судот, не се обраќа само да и се каже законската норма, бидејќи може сам да ја прочита, туку се обраќа барајќи правда, но секако, се разбира, таа

правда како судска одлука се заснива во нашиот систем исклучиво врз Уставот, законите и договорите ратификувани со тоа, а водејќи сметка тогаш кога е ставен да води и тогаш кога тој навистина ќе се остварува како правен техничар. Од тие причини мислам дека со оваа тријада на забелешките и предлозите, навистина позициите и концепциите се бескрајно различни.

Она што се однесува на другите забелешки, кога се преоѓа на организацијата, на судовите како мрежа и на стварната надлежност како концепција на повелба, морам да кажам дека на почетокот на расправата постоеше еден коегзистентен предлог и концепција да има повеќе видови првостепени судови. Бидејќи забелешката на тоа се сведува и таа концепција не помина, бидејќи се сметаше дека има повеќе видови на првостепени судови, на пример, основни или општински кои што реагираат на кривично дело до 10 години и во граѓанските области до одредена вредност да има покрај нив уште некои други кои што би ги именувале околиски, реонски или како и да е, исто така првостепени, или пак со постојната варијанта сега окружните судови да бидат и жалбени и првостепени, се сметаше дека е за Македонија како мала држава дека е сложен и комплициран систем на првостепени судови и дека не треба да се конструираат вештачки области, надвор од она што природно постои како општини, а поготово преку Уставот претпочитува општини како единствена или едностепен ниво на локална самоуправа, или на општини како заедници.

Во таа насока се тргна, иако тука имаше расправа, се тргна од идејата, сега веќе забелешката дали со различната надлежност не се создава разлика меѓу судовите и општините, дали тие не се ставаат во различна правна положба. Се тргна од она што е реално. Постојат мали општини со мал број на предмети, кои што досега успешно и ажурно

функционираат со тројца или четворица судии, или пет, и постојат општини што се бројни по население, големи се по судски предмети, големи се по составот на судовите и практично на таа природна мрежа што постои, а не еднаква, затоа што не може Берово да стане на пример Тетово или Охрид, или на пример Струмица, не можеме ни ние да бидеме еднакво високи, евентуално еднакво развиени и да бидеме еднакви во било која друга насока. На таа основа Комисијата зазеде становиште дека вештачки ќе се создаваат, доколку се оди на сите основни судови да се даде сета надлежност, тоа беше варијанта А, дека вештачки ќе се создаваат големи судски совети таму каде што нема предмет и дека е тоа бескрајно нерационално. Се сметаше дека доколку се оди на различни судови дека исто така ќе се комплицира, а нема ништо да се добие како квалитет. Се застана на становиште тие судови кои досега се лоцираат во големите општини со голем број предмети и состави, можат успешно да ја носат комплетната надлежност, стварната надлежност така како што е дадено тука. Дека нема рамноправност од регионална природа покажува самата мрежа. Тоа е забелешката на господинот Зибери, имено нема заради тоа што такви судови има во сите делови на Македонија во северна, во јужна, во западна во источна, во средишна. Имено тоа се судовите Тетово, тоа се Судот Гостивар, Кичево, Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Титов Велес, Кавадарци, Струмица, Гевгелија, Штип, Куманово, тоа е Кочани. Кажете кој дел од Македонија нема суд со комплетна надлежност. Што значи дека реалната надлежност и комплетната судска надлежност, првостепена таму каде што има странки и каде што одат странки, таму таа реална надлежност е комплетна распоредена во цела Македонија, тоа во исто време означува доближување на судот, првостепениот суд до странките, затоа што ако се оди на друг вид на првостепен со поголема надлежност, надвор од таканаречените основни, бидејќи поимите почнуваат да ги грешат, веројатно нема да има 14 веројатно ќе има четири или пет, што

значи дека судот ќе биде оддалечен од странките и особено од првиот степен. Од тие причини може да се каже дека оваа аргументација за ваквата судска надлежност во прв степен ја амортизира аргументацијата за четврт апелационен суд, од проста причина што апелациониот суд кој што е во амандман даден на пример за Гостивар, можно е да ги има како судска област областите на судот на Дебар, или општината Дебар на Гостивар и на Тетово. Вкупниот број на жалбени, или на второстепени предмети е рамен на три ипол судии по годишна норма. Што значи дека за да има тој долна граница на судски совет, тоа е 7, затоа што треба да има судски совет за граѓански, треба да има судски совет за кривични дела заедно со претседател, ќе треба дел од скопските предмети, од граѓаните на Скопје, односно на Велес да се префрлат во Гостивар што а апсурдно, односно неприродно. Идејата дека кон тој суд, требало да бидат и општините, судските области на Кичево и на Струга, е сосема надвор од оние образложенија што се содржани во самиот амандман, дека тоа ќе означувало едно судско, така да се каже, концентрирање на надлежноста во еден регион кој што географски, комуникациски, економски на друг начин гравитирал. Морам да кажам дека тука аргументацијата се сукобува со она што е во географијата, во сообраќајот и во сообраќајната мрежа и во навиките на луѓето економски да одат на пазар, да тргуваат или слично. Струга ако се смета дека гравитира кон Гостивар, а не кон Охрид за одредени, на пример и Битола во судска област, но на пример комуникациски, економски и слично, тогаш ќе треба да се каже со иста сила дека на пример Битола или Ресен гравитираат кон Струмица, бидејќи има патишта што навистина од секој град да се стигне до секој друг град.

Станува збор за следното. Станува збор дека од становиште на заштита на правата, на реална заштита на правата постоешето на судот, со претпоставка на постоењето на судот во Гостивар нема никаков

посебен ефект и на тој начин не може да се извлече заклучок дека евентуално неподдржување или непостоењето на тој суд, создава нерамноправност на граѓаните од определена област, од проста причина што првостепената комплетна надлежност се во основните судови, второстепената е посредна по правило, или учествуваат странките по исклучок е со учество на странките, па на тој начин и достапноста на судот како аргументација отпаѓа и второ во судските работи во жалбената постапка не се подразбира критериумот, тој се санкционира во судска постапка веројатно, националната припадност. И тука исто така мислам дека се информирани изводите дека тоа е така затоа што постои недоверба кон одредена националност и способност во правна смисла.

Јас морам да кажам дека ниедна етичка или национална група воопшто не претставува база за одреден дел од мрежата на судството, туку апсолутно бројот на предметите, гравитацијата на предметите и односот или гравитацијата на судовите кон одреден друг судски центар е единствениот критериум. Инаку, што се однесува до јуристичкиот потенцијал, за жал го искажувам како исказ не на недоверба или неспособност или неусмереност на пример, евентуално сега особено бидејќи имаме интерес за одредена национална заедница кон правните науки, туку сум согласен да препотенцирам, можеби одредена аргументација, или фактичка состојба во минатото, како израз на нееднаква положба досега во животот. Имено, од албанците во Македонија има вкупно 250 и тоа земајќи ги и скопскиот и приштинскиот и битолскиот Универзитет 250 до 260 правници или граѓани со завршен Правен факултет. Од нив има вкупно 85 со положен правосуден испит. Што значи дека јуристичкиот потенцијал кој е навистина далеку под пропорцијата на населението земен во сообразност со пропорцијата на јуристичкиот потенцијал на пример на македонците, со што може да се изведе само друг заклучок и да се изнајде друг инструментариум во

областа на образованието, во областа на интересот, но од становиште на изборот на судиите, на водењето на сметка за дестабилноста на државата, поради тоа што таа е национално мешана, мислам дека е примерот на Врховниот суд и мислам дека примерот на изборот во основните судови и во апелационите судови ќе покаже максимален натпросечен однос кон судиите од албанската националност, доколку како база се земе и јуристичкиот потенцијал. Бидејќи денеска во судовите, само во судовите на Македонија беше оној став 2 во член 40 за кој што имаа некои амандмани и забелешки, мислам не со право има некаде 60% вработени во судовите од вкупниот број на правници, албанци со правосуден испит, што не е ист процент како релативна бројка кај македонците. Меѓутоа, релативните бројки можат да доведат до апсурд. И врз релативните бројки не се искажува реалната шанса или реалната еднаквост. Си дозволувам да сметам и да кажам од ова место дека во иднина во изборот на судии на Основниот суд и на апелационен треба максимално да се направат исто така и за Врховниот максимални напори што поголем број на албанци да влезат како судии, како судии поротници, како стручни соработници за да може во еден забрзан процес во една подалечна но реална неисофрсирана вештачки неисфорсирана постапка да си дојдат пропорциите природно во соодност. Тоа е се она што можеше да биде во врска со глобалните или општите забелешки од страна на најбразложениот, но со своја аргументација и со своја филозофија и најструктуираниот по забелешки Туше Гошев и од страна на другите пратеници. Само на едно прашање кое што се јавува како општо, како забелешка ќе обрнам внимание бидејќи исто така мислам дека е рецидиф од една правна култура која што укажува дека ние на жалост во Македонија, изгледа и на Балканот сме склони само врз база на искажан принцип радикално како со нож да прекинеме на пракса и да влетаме во нова, врз база на конструкција која што може да биде по инспирација или спонтано, а притоа да не формираме правна традиција

и да не се осврнеме на правната традиција и решенијата во компаративното право, особено во оние земји кои што ни се за углед и на тој начин да дојдеме до една парадоксална состојба да ги фалиме земјите од Западна или Средна Европа како граѓански и демократски општества, но поуката од нивните решенија воопшто да не ги респектираме. Само во збор за таканаречената поделба на власт и таканареченото мешање на министерството или присутноста на Министерството за правда или министерот за правда во законот на судовите со преголема доза, со што кобајаги била нарушена или била загрозена автономијата на судството, што мислам дека се комплетно без основа тие забелешки, бидејќи не можат да издржат и најмал увид во аргументацијата. Прво, концепциски она што се предлага не е концепција на посебна власт туку се предлага на автархична апсолутна самостојна власт и замислени ѕидови меѓу властите. Во таа смисла во судството морам да кажам дека има судски предмети, судски работи по својата природа или судска власт која меѓусебно можат да ја вршат судовите. Има управни работи кои што можат да ги вршат управните органи. Тука имам јас од 20 закони избрано три, двата ќе бидат веројатно под сомнение, тоа е Словенија и Хрватска и може да се рече дека тие исто од југословенската рамка излегуваат сега, па нивните решенија по инерција можеби се стари од примерот на единството на власта, но во правосудната управа имаат далеку повеќе надлежности министерствата и обично се опфатени од пред до шест членови и таму апсолутно постои дека министерот за правда го донесува Судскиот деловник, секогаш го донесува и секаде го донесува за жал, мислам на критичарите, чисто за информација.

Второ, исто така, има евиденција има едукацијата на судиите и околу администрацијата во судовите и сл. Но да не ги читаме, да ја земеме Данска, можеби таа има повеќе авторитет, а на крајот ќе мораме да

заклучиме со таква тежина дека Данска не е правна држава. Исто и Франција. Исто и таа ќе заклучиме дека не е правна држава, а ние ги немаме тие решенија на пример, во Данска министерот за правда превзема промена во областа на судската околија. Министерството треба за секој од околијата да им ја одреди надлежноста. Министерот поставува определени судски предмети пред судиите, тие да ги решаваат. Министерството за правда ги одобрува основните правила на поделбата на работата на одделенијата на судовите, што значи станува збор за Судскиот деловник. Во Франција на пример изборот на судиите даваат мислење по конкурсот судиите на основните судови. Издвојува мислење претседателот, па дава правен совет што го формулира Владата. И ако сите тие мислења се поклопуваат со мислењето на министерот за правда, претседателот на Републиката издава декрет за поставување на судија. Изгледа и Франција не е правна држава. Мислам извршната власт доминира со судството. Сите веднаш се согласуваме дека тоа би било сензација или заслепување или нелогичен извод, ние ќе констатираме дека и Данска и Франција се правни држави. Меѓутоа тие имаат друга правна традиција, ние имаме друга правна традиција врз база на едно правно наследство кое што го култивираме и го вклопуваме во она што е рационално, што одговара на нашето разбирање и во новиот систем. Во Законот за судовите на Република Македонија министерот има најредуцирана скала на надлежности и притоа има само она што од таа скала е типично за еден управен орган без никаква можност да влијае, ниту во изборот ниту во вршењето на судската власт, во судството, туку да биде одговорен за просторните или за други услови, на пример утре програмата што е во извонреден предлог да ја предложи и да се бори за неа и да одговара во смисла на тоа. Напросто сметам дека сме и премногу спонтани и премногу без однос кон традицијата, но сметам дека ќе се таложи искуство и нема да има

никакви проблеми во иднина. За сега има потреба повеќе да расправаме и да објаснуваме. И само да кажам дека на целиот состав, последно е тоа, што го изготвуваше овој закон ниту еден член и решение не ни стрчеше, тука беа судиите на Врховниот суд, на окружните судови, на општинските судови, а поимот водејќи сметка и за правдата и правичноста се искажуваа самите судии и рекоа дека нам тоа не ни создава никаква заблуда што е основ формален извор на судската одлука, тоа создава очигледно заблуда на некој кој што не е судија, или на пример на некој кој што евентуално тргнува од друга концепција, зошто, интимна работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Сега пред да објавам да одиме на пауза да дадам неколку обврски. Пауза би предложил да имаме до 15,30 часот. Ќе се руча и комисиите да го погледаат оној закон кој денес го уврстивме на дневен ред, за да може да имаме нормална постапка понатаму. Во 15,30 јас молам сите да бидеме тука затоа што укажувам дека во расправата по ваква важен закон, по кој и во постапката на донесувањето треба да му дадеме достоинство, некогаш бевме на прагот на кворумот овде. И тоа да не се случи после пладне, туку да дојдат пратениците. Значи сите обврски кои ги имаат пратениците по комисиите да се завршат и во 15,3 0 да продолжиме и денес да завршиме со седницата.

(Пауза до 15,30 часот).

X /1.-СП/0М

(Седницата прекина со работа во 13,35 часот, а продолжи во 15,50 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот; член 12 став 1 и 2; член 18 став 2 и 3; член 34 став 1 за додавање нова точка 5-а; член 35 став 1 алинеја 1; член 36 за менување на став 3; член 39 став 2; член 50 став 2; член 75; член 85 став 1 и на член 121, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 2 9 точка 2; член 3 2 став 2 и 5 и на член 11 за бришење на став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Петре Трајановски поднесе амандмани на член 28 став 1 точка 8 и на член 111 став 5 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Насер Зибери, Газменд Ајдарага, Назми Маљичи и Исмет Рамадани поднесоа амандмани на член 10 став 2 за додавање нова алинеја 8-а , член 40 став 2 и за додавање нов став 3 по став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Душан Николовски поднесе амандмани на член 28 став 1 за додавање нова точка 15-а, член 29 став 1 точка 3 и на член 32 став 2 и 5; пратеникот Љубосав Иванов поднесе амандман на член 28 став 1 за додавање нова точка 9-а и пратеникот Џеладин Мурати поднесе амандмани на член 2 9 за додавање нова точка 4 и на член 2 9 точка 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

X/2.-

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандмани на член 35 став 1 алинеја 2; на член 41 став 1, на член 43 за бришење на став 4; на член 56 за бришење на ставовите 1,2 и 3; на член 60 став 1; на член 65 став 3 и на член 7 9 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 10 став 2 за додавање нова алинеја 14; член 11 за бришење на став 2; член 28 став 1 за менување на точка 10; член 46 ; член 50 за бришење на ставовите 3,4 и 5 и на член 56 за бришење на ставовите 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Станковски поднесе амандман на член 53 за додавање нов став по ставот 1 и за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани во делот 1 за заменување на зборовите "основи и начела" со зборовите "основни одредби".

На член 4 став 1 и 2 , член 43 став 3, член 55, член 69 точка 2, член 78 став 2, член 79 став 4, член 105 за додавање нов став 2 за бришење на член 109 и на член 111 за бришење на став 106 по кои Владата не се произнела.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 12 став 1 и 2, член 18 став 2 и 3, член 34 за додавање нова точка 6, член 35 алинеја 1, член 36 став 2 и за менување на став 3, член 39 став 2 член 40 став 2, член 54, член 70 став 2, член 75, член 78 став 1, член 105 за додавање нов став 2 и на член 115 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандмани на член 46 став 1, член 50 за менување на став 1 и на член 106 став 1, по кои Владата не се произнела.

X/3.-

Законодавно правната комисија поднесе амандмани во делот 1 за замена на зборовите "основи и начела" со зборовите "основни одредби", за внесување нов член 1 пред членот 1 , член 1, член 2, член 10 став 2 за додавање нов алинеја по алинејата 1, член 11 став 1, член 12 став 2, член 13 став 2, член 14 став 1, член 18 став 3, член 19 став 1, член 28 став 1 за додавање нова точка 2-а и на точка 9, член 32 став 1, член 34 став 1 , за бришење на новата точка 5-а, член 35 став 1 алинеја 2, 5 и на став 2 , член 39 за менување на ставот 2, член 40 став 2, член 41 за менување на ставот 2, член 43, став 1 и 2, член 45 став 1 и за менување на став 2, член 50 став 2 и на член 6 9 став 2 точка 3, член 52 став 2, член 54, член 56 став 5, член 60 став 3, член 65 став 3, член 68 став 1 и за бришење на став 2, член 92 став 2, член 94 став 1, член 95 став 1, член 96 став 1, член 97 став 1, член 93 , член 94 став 1, член 104 став 1, член 101 за бришење на член 109, член 111 став 1, 2, 3 и 4 за бришење на став 6, член 112 , член 117 став 1,2,3,4 и 5 и член 119 став 2 , член 112 за додавање нов став 2, член 119 став 1 и на член 120 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандмани на член 2 9 став 3 за бришење на член 31, на член 32 став 1 точка 6 за додавање нова точка в) и на ставовите 2 и 5 и на член 111 за менување на став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љубомир Поповски поднесе амандмани на член 32 став 1 точка б), на член 34 став 1 точка 1 и 3 и на член 112 за додавање нов став 2.

Пратениците Ристо Трајков, Драган Ѓорѓиев и Туше Гошев поднесоа амандмани на член 32 став 3.

X/4.-

Пратеникот Рами Туда; поднесе амандман на член 10 за менување на став 1 , а пратениците Рами Туда и Зекир Кадриу поднесоа амандмани на член 29 став 1 за додавање нова точка 2-а и на член 39 за додавање став 3, по кој Владата не се произнела.

Владата на Република Македонија поднесе исправка на амандманот што се донесува на член 34 за додавање нова, точка по точката 5 и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 40 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на делот 1 за замена на зборовите "основни начела" со зборовите "основни одредби", поднесен од Законодавно - правната комисија и Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тој амандман не го прифаќаме, а аргументацијата е опширно образложена во моето излагање во однос на општите забелешки.

Станува збор за трета власт, за постулирање на една рамноправна власт и дека е примерно да станува збор за основни начела.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот во делот 1 за замена на зборовите "основни начела" со зборовите "основни одредби" поднесен од Законодавно правната комисија и Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

и овој амандман не го прифативме од проста причина што треба членот 1 да започне со опис на содржината на законот, а законот има содржина извлечена на почетокот така што беше кажано при самата забелешка дека е можна и друга номотехника или започнување со членот 1 како што е даден во законот кој веднаш уредува определен материјален однос или надлежност на судовите како носители на судската власт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување нов член 1 пред членот 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и 2 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го прифаќаме и тој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман на член 10 став 1 не го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Денеска Ви е поделен овој амандман.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман се однесува на јазиците во судската постапка . Има неколку амандмани во оваа смисла, не ги прифаќаме, во случајот не го прифаќаме овој амандман од проста причина што тоа прашање е процедурално прашање и ќе се регулира со законот за кривичната постапка што ќе биде во парламентарна постапка во септември. Во самото образложение на амандманот се укажува дека е тоа еден многу важен момент на постапката, а овој закон е организационен, а не процедурален. Со тоа не го прејудицираме решението за прашањето, но го поместуваме за односниот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Рами Туда.

X/9.-

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Зеќир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Всушност, амандманот е ист и се однесува на јазиците, одговорот е ист, ќе се реши со законот за постапките.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( б)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Зеќир Кадриу.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 за додавање нова алинеја поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тоа е во членот 10 став 2 се бара приоритет и итност за заштита на слободите и правата утврдени со Уставот, не го прифаќаме, бидејќи на тој начин практично ништо квалитетно не се добива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 1 за додавање нова алинеја, поднесен од Законодавно правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2 за додавање нова алинеја 8-а поднесен од пратениците Насер Зибери, Газменд Ајдарага, Назми Маљичи и Исмет Рамадани.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 2 за додавање нова алинеја 8-а, поднесен од пратениците Насер Зибери, Газменд Ајдарага, Назми Маљичи и Исмет Рамадани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2 за додавање нова алинеја 14, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не го прифаќаме амандманот, бидејќи станува збор за принципи, а принципот на ефикасност е опфатен во друг член.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (29 пратеници гласаа)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 2 за додавање нова алинеја 14 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не го прифаќаме амандманот, остануваме на текстот, бидејќи сметаме дека поимот "јавен притисок" исто така тешко може да се операционализира на јавно истапување заради влијание врз текот и исходот на судската постапка е појасен како правен израз.

XI/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(21 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не го прифаќаме амандманот да се брише, бидејќи ова е една новина која што има добра смисла. Станува збор само за станување на постапката тогаш кога се смета дека законот е неуставен и се чека одговор на Уставниот суд, а дотогаш жалбата се смета за итна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(27 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го прифаќаме и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го прифаќаме и тој амандман.

XI/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го прифаќаме и тој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 8 став 1 за додавање нова точка 2-а и на точка 9 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Станува збор за судската мрежа и само да кажам дека во концептирање на судската мрежа се тргна со идеа дека основните судови се тие кои што целосно ги решаваат правата и слободите и правно заснованите интереси и се зазема критериум дека основен суд треба да има таму каде што бројот на судските предмети се движи околу бројката 100 0 за да може да претпостави поголем број на судии, затоа што и основниот суд треба да има два совети, кривичен и граѓански по три судии и претседателот, минимум седум судии

Во случајот на Виница после подолги пресметувања по иста методологија на т.н. судски или спорни предмети што влегуваат кривичните, граѓанските, истрагите и малолетничките излегува дека во 1993 и 1994 година , а се смета дека тука е просечната бројка од 350 до 430 судски предмети со тоа што нормата на еден судија годишна за граѓански предмети е околу 250-264, а кривични од 185-196. Инаку 196 е

нормата, па произлегува дека во Виница има место со оглед на предметите за судско одделение кое што ќе биде тројца плус претседател или двајца со плус еден претседател.

Да напоменам и тоа дека е во подготовка и во септември ќе дојде законот за нотаријатот, така што оној голем број на вонпарнични предмети, или оној кој што решава платни налози, преписи и оверки ќе ги преземе комплетно новата институција или нотаријатот. Од тие причини остануваме на овој предлог за судско одделение во Виница, а не за суд. И аргументот дека сепак десет километри е далеку Виница од Кочани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, јас не се согласувам со предлогот на министерот за Виница да има само судско одделение, а не основен суд од причини што јас вчера ги објаснував и на ЗПК и членовите на Комисијата го прифатија предлогот и ЗПК го предложи на Собранието. Тие беа убедени во тоа. Во материјалот што го работеше стручната служба пред да дојде во Владата, Виница беше суд и ми се чини дека имаме полно право, јас не знам бројките како ги вадат, бидејќи кај нас беше тоа судско одделение во состав на Кочани и како се извадени, меѓутоа, во нивните книги стојат вакви податоци: за број на предмети во 1993 година , каков е бројот на предметите по кои се работело, а тоа се фактички работни материјали по кои се работи. Во Виница има 2141 предмет за работа, а додека има основни судови во Републиката, пример Крушево 1386 предмети за работа, Ресен има 1311 предмети за

работа, Берово има 2090 , Свети Николе има 1810. Сите овие имаат помалку предмети за работа од Виница, а други три имаат тука околу Виница блиску предмети. Значи Виница е во групата околу 7 општини, исти општини и јас мислам дека, ние имаме и посебна зграда, доста добро одделение на центарот убава зграда направена и се спремаме за суд, и мислам дека Виница заслужува да има суд. Јас не знам кои се критериумите , како се извадени не знам, меѓутоа според овие податоци што ги има од нивните материјали, мислам дека Виница треба да има суд. Не ги прифаќам овие критериуми дека се меродавни за тоа.

И тоа, 10 км. мислам дека има и други , на пример доста блиску е Крушево до Прилеп, доста блиску е Свети Николе до Штип, доста блиску се Кавадарци и Неготино, па нема спор таму.

Мислам дека аргументи има полно за Виница да биде основен суд, а не судско одделение.

Јас не знам министерот, бидејќи во работните материјали пред тоа, дури еднаш го прашав кога беше материјалот на Владата да се разгледува, го прашав министерот и рече дека Виница ги исполнува условите и ќе има суд. Во работните материјали пред тоа беше суд, ветуваше за време на работата дека ќе биде суд, ЗПК го прифати како суд, ние сме 7 општини скоро блиску, од четири имаме повеќе предмети за работа и мислам сите критериуми водат дека Виница треба да има суд. Јас не знам дали можам да го убедам министерот, меѓутоа, ќе се обидам колегите пратеници да гласаат дека во Виница треба да има основен суд.

XI/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(61 пратеник).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(7 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 28 став 1 за додавање на нова точка 2-а и на точка 9 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 2 8 став 1 точка 9, поднесен од пратеникот Петре Трајаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас мислам дека сепак треба да се има некое ниво на критериумите. Случајот со Виница апсолутно не го коментирам, но сепак да кажам Виница има подолго време одделение, простории и постојано 3-4 судии се таму, иако бројот на предметите одговараше бидејќи тоа одделение беше ажурно, но изгласавте да биде суд.

Македонски Брод, има вкупно од 280 до 300 предмети. Тоа е за еден ипол судија суд. Македонски Брод има судски денови. Тоа значи дека двајца судии од Кичево патуваат во Македонски Брод и комплетно ги решаваат предметите. Аргументацијата што беше изнесена дека на тој начин ќе се скуси патот на странките до судот не е коректна, бидејќи судот патува кон странките, а не странките кон судот. Предочувам дека суд треба да има најмалку 7 судии со оглед на структурата и врзување на голем број на кадри. Инаку сметам дека сепак се разликуваат овие две општини, додека предлогот на законот е сосема одмерен и дека

амандманот дојде последните два дена кога се виде една еуфорија. Сите што имаа судски денови:/ сакаат судски одделенија, сите што имаат судско одделение сакаат суд, а сите што имаат суд можеби аталационен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој друг бара збор?

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Општината Македонски Брод е една од најголемите општини во Републиката по површина и зафаќа површина од 92000 хектари, со 54 населени места и околу 13000 жители. До денес граѓаните од општината Македонски Брод потребата од судската заштита ја остваруваат во Општинскиот суд во Кичево или преку судски денови во Македонски Брод, а тоа се случуваше еднаш на 2 недели, или еднаш неделно, а додека прекршочните предмети се решаваа во Општинскиот суд за прекршоци во Македонски Брод. Меѓутоа, имајќи ја потребата од доближување од судската заштита до граѓаните,а со цел за брза непосредна и ефикасна заштита на нивните права сметам дека има потреба и ќе биде оправдано во состав на општинскиот суд во Кичево да се оснива одделение во Македонски Брод, како што тоа го има во повеќе општини во Републиката, кои што според критериумите, односно според бројот на предметите не ги исполнуваат условите за да се формира суд. Оправданоста за основање на судско одделение во Македонски Брод во состав на Општинскиот суд Кичево, го гледам и од следните причини.

Прво, Македонски Брод е оддалечен од Кичево 30 км., а со оглед на тоа големината по површина како општина, оддалеченоста до најоддалечените населени места, е 60 км.", односно до Кичево 90км. , што предизвикува огромни материјални трошоци како за граѓаните така и за судот.

XI/9.-

Што се однесува до судските денови и што досега беше пракса, мислам дека со еден ден во текот на неделата или на две недели тие судски права и заштита не можат да се остварат. Замислете дека за едно уверение дали за вработување или не знам за што друго еден граѓанин од Македонски Брод треба да патува и 90 км. да го извади тоа уверение. Со оснивањето на ова судско одделение мислам дека ќе се добие во брза, непосредна и поефикасна заштита на правата на граѓаните, а воедно тоа ќе придонесе и за јакнење на судската власт, како и на создавање на нов однос и култура кон судството и верба на граѓаните во правниот систем.

Исто така, во врска со бројот на предметите според податоците јас кои што ги имам до општинскиот суд за прекршоци за последните три години се добиени од 1949 предмети , 1993 година, 19941 година: 2202 предмети, а за првото полугодие од 1995 година, 14 98 предмети. Исто така, вкупно предмети во општинскиот суд Кичево за подрачјето на општина Македонски брод се разгледувани вкупно 1992 година 481 предмет , 1993-520 предмети, и 1994 година 582 предмети. Овде не се земени предвид предметите кои што ги решава стопанскиот суд, бидејќи тие податоци не може да ги имам, но секако дека се и тие повеќе од стотина. Од овие причини сметам дека има потреба за оснивање на одделение во состав на општинскиот суд во Кичево во Македонски Брод и од тие причини на Собранието му предлагам да го усвои овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (55 пратеника).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(14 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 28 став 1 точка 9 поднесен од пратеникот Петре Трајаноски.

XII/1.- ЈМ/ЉР

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 за додавање нова точка 9-а поднесен од пратеникот Љубисав Иванов.

Молам кој бара збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот има аргументација која стои, има суд 50 години, судство можеби повеќе векови,граничен е бројот на предметите и со оглед и на критериумот на Собранието сакам да кажам дека јас го усвојувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 за додавање нова точка 15-а поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој бара збор?

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Веројатно со слична содржина, или со слично мислење е упатено да се оформи основен суд во Пробиштип, но аргументацијата се состои во следното. Наиме, барањето што е поднесено и елаборирано од страна на општината уште во 1987 година во ова Собрание е донесен заклучок дека има основа да се формира основен суд, но ќе биде предмет кога ќе се донесе основниот закон. Во 1991 година Извршниот совет има донесено заклучок дека таа материја ќе биде регулирана за Пробиштип кога ќе се донесе основниот закон. Дека има вистина во тоа, сакам да го кажам следното. Наиме, ако е критериум бројот на вкупниот

XII/2.-

број на предмети невпуштајки се во овој момент по структура сакам да кажам еден податок во 1983 година бројот на предметите во Пробиштип биле 2736. Во континуитет да речеме 1992 година се 3.379, и во 1994 година се 2666, или ако се посматра по структура во континуитет по години истражни предмети се од 20 до 60, квиривични од 60 до 200, кривични за малолетници од 10 до 20, граѓански 2,00 и така натаму, или прекршочни 2.250, или 1.880 последната година. Во прилог на ова имајќи го во предвид и бројот на судиите по обем на општини сакам да кажам дека со оваа структура на број на жители и застапени предмети судиите се движат од 3 до 6, на пример 3 судии се во Кратово, 4 се во Берово, 4 во Делчево, или бројот на предмети да речеме 1990 година 2994 Берово, или 1.124 Кратово, или 2.872 Крива Паланка, или Ресен 2.700, а бројката во Пробиштип е 2.800. Имајќи ги во предвид овие елементи не впуштајки се во квалитетот на постоењето и функционирањето на судските одделенија преку бројот на нерешените предмети на општината Пробиштип предлагам овој амандман да постане составен дел на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Сепак, треба да се стави една јаснотија околу манипулацијата со бројките. Со г-динот пратеник од Пробиштип имавме различни бројки, а јас утрово му донесов со печат осведочени бројки кои што не надминуваат 550 предмети од спорните судски предмети. Бројката што ја кажува се платните налози, она што е на пример неплатена телевизија и само службеникот во канцеларијата удира печати, а на куп му се дава на судијата да ги потпише во еден ден, Бројот на спорните предмети во Пробиштип е рамен на двајца судии. Во Пробиштип немало ниту судско одделение, во Пробиштип нема ниту просторни, па и други услови. При

анализата од страна на Министерството за правда е кажано дека Центарот за социјални грижи ќе бил дислоциран за да бил направен суд. Јас мислам дека од судски денови директно да се скокне на суд со 7 судии за предмети во обем од двајца судии бидејќи сите тие големи бројки одат во нотаријатот од септември, или од октомври. Исто така кога се споредува на пример еден Ресен со 1.340 вкупнтие предмети му се 3.500, но спорни судски има 1.340. Има дупла разлика. Предлогот на Владата беше да има во Пробиштип судско одделение, од судски денови да се стартува со еден чекор, судско одделение, тоа е постојана судска институција отворена од понеделник до петок со доволен број судии кои што комплетно ќе ги решат сите судски предмети и ќе бидат ажурни. Станува збор за фирмата, не станува збор дали постои судска институција. Постои суд со судии, со стручни соработници, меѓутоа на фирмата ќе стои основен суд Штип -судско одделение Пробиштип. Предлогот е всушност на фирмата да стои: Основен суд Пробиштип кој што многу чини, а ништо квалитетно не променува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Ние податоците со помошник министер ги усогласивме и немам никаква разлика. Ако треба сега за сите тие 7 општини да ги исчитаме дека овде за да се увериме дали работиме со исти податоци, сигурно дека ќе се увериме и ќе видите поголем дел од тие општини имаат и помал број на предмети по четирите основи. И сакам да кажам ако биде предмет за убедување дека со ноторниот дел на решавањето на ноторикаta кај другите општини дека состојбата ќе биде по предмет подобра, нотаријатот, мислам дека пак ќе бидеме во заблуда. Тогаш ќе

дојдеме во ситуација дека навистина е адекватен бројот на судиите што е распореден во општините. Затоа мислам имајќи во предвид дека сега го поставивме прашањето на овие општини со овие критериуми на со ист број јас зборувам сега принципиелно со критериумите кои ги изнесувавме за одредени општини да со исти број треба да се добие ист третман. Ако имаме различни погледи, во една ситуација да користиме аргументација заради тоа што како би требало да прилагодуваме гласање, во ред, јас немам ништо против. Меѓутоа ќе ви кажам еден податок. Пробиштип од Штип е оддалечен 37 км. тоа директни трошоци само како патна карта како одделение под јурисдикација на Штип ќе чини годишно околу 25 до 30 илјади марки. Со сведочење околу милион денари годишно. Па сега сметајте вие дали судското одделение од аспект на економијата ги задоволува сите ингеренции и права и интереси на општината Пробиштип.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Судското одделение на Основниот суд во Штип ќе биде лоцирано во Пробиштип со судии кои ќе живеат во Пробиштип, нема никакви патни трошоци ниту на судиите, ниту на странките. Тоа напросто е суд во градот Пробиштип. Наместо од 7 судии, од тројца судии плус претседател, ништо повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 став 1 за додавање нова точка 15-а поднесен од пратеникот Душан Николовски.

XII/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 за менување на точка 19 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не го прифаќаме. Мислиме дека нема причина. Решението за градот Скопје го даде големата комисија во која пред се учествуваа судии од сите нивоа на судовите.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас мислам дека во еден град од 600 иљјади жители како и досега мора да егзистираат два првостепени суда, односно досега имавме Скопје Општински I и II судови. Сега треба да имаме Основен суд Скопје I и Скопје II. Тоа е пред се заради поголема ефикасност и поголема достапност на судовите на граѓаните. Овде веќе се произјаснивме и министерот ги прифати амандманите и мене ми е драго што ги прифати, и што се изјаснивме така за некои општини со 5 до 6 иљјади. Замислете за еден град со 600 иљјади да има само еден суд. И 10 шалтера да се отворат ќе настанат огромни турканици бидејќи и во сегашните два едноставно странките не можат да дојдат на ред. Затоа мојата аргументација е кога може веќе, немам ништо против во Виница да има Основен суд, кога може во Кратово да има, така би требало и во Скопје да има два суда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ништо не се добива како ново, единствено ќе нема два претседатели на судови во Скопје. Комплетно персоналот судски, просторот се користи како и досега, а на двете места, а може и на три

XII/6.-

места да има приемни одделенија за прием на предмети. Смислата на создавање на еден суд, или една фирма на суд беше по предлог на судиите со намера странките да не се шетаат од еден суд до друг, во смисла на месно ненадлежен и на тој начин да се рационализира пристапот до судот. Ќе нема само уште еден претседател, ништо повеќе. Друга разлика ќе нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЗОРАН ШАПУРИЌ;:**

Јас мислам дека како и порано тенко е образложението дека на судиите не им е јасно каде, кој суд спаѓа, бидејќи постојат урбанистички планови и секој судија е доволно кадар да утврди каде која територија е, така што не би требало да има некакви забуни за судиите во поглед на месната надлежност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (40 пратеници)

Дали има некој против? (27)

Дали некој се воздржува од гласање ? (12)

Да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата

95 пратеници се присутни во салата од кои 40 се"за", 55 се против, воздржани и што не гласање а се во салата.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 28 став 1 за менување на точка 19 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

XII/7.-

**ЗОРАН ПАШУРИЌ:**

Бидејќи се сомневам во резултатите од гласањето, барам поединечно изјаснување. Молам поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има поддршка од 10 пратеници.

Го молам секретарот да изврши прозивање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:** (прилог)

# С П И С О К

## на пратеници по Собранието на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | воздржан |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | воздржан |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | воздржан |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | против |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | за |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНСВСКИ | за |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | не е тука |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | против |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | против |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | за |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | за |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | против |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | не е тука |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | воздржан |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | воздржан |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | воздржан |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | против |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | воздржан |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | |

2.-

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | за |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | воздржан |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | против |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 33. МИТКОИЛИЈЕВСКИ | воздржан |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | воздржан |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | воздржан |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | за |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | за |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | воздржан |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | не е тука |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | за |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | против |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | за |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | за |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | не е тука |
| 51. РИСТО МАСЕВ | против |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | не е тука |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | за |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | воздржана |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | против |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | за |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | против |

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | против |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | за |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | за |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | воздржан |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | за |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | против |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 77. КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 79. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | за |
| 80. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. АБДУРАУФ ПРУСИ | за |
| 82. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. САЛИ РАМАДАНИ | за |
| 84. ХИСЕН РАМАДАНИ | воздржан |
| 85. МИТКО РИСТЕВСКИ | против |
| 86. НАНО РУЖИН | за |
| 87. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | не е тука |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 89. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | за |
| 90. КИРИЛ СПАСОВСКИ | против |
| 91. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | за |
| 92. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | за |
| 93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 94. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | против |
| 95. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 96. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 97. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 98. ЗДРАВКО СТОЈАНОВСКИ | против |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | воздржан |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | против |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | против |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | за |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 109. РАМИ ТУДА | за |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | за |
| 111. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | воздржан |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | за |
| 113. ЛУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | не е тука |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | за |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | воздржан |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | за |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

Дали има некој што не гласал? (нема)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, вкупно гласале 95 пратеници.

За гласале 48

Против 28

пн воздржани 26 пратеници,

Според тоа, констатирам Собранието го усвои амандманот на член 28 став 1 за менување на точка 19 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 28, став 1 точка 3, поднесен од пратеникот Кано Ружин.

Го молам министерот за правда да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Фактот дека амандманот сега стигна стимулиран од тоа што се одвива тука, да ги изнесам само податоците дека Валандово од 1993 година имало 203 предмети судски , а 263 во 1994 година. Нормата за еден судија е 264 граѓански , а кривични 196. Што значи има работа само за еден судија. Сега Валандово има судски денови во однос на судот во Гевгелија кој што престојува во Валандово и нема патување наваму натаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

За збор се јави г-дин Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Јас ќе го прифатам мислењето на министерот, меѓутоа во државава доколку има 35 општини, од кои на 32 им се дава право да формираат суд, а на 3 општини дури ниту одделение, мислам дека е тогаш нон сенс, една општина како што е Валандово да нема барем одделение. Дотолку повеќе што знаеме дека на Виница изгласавме да има право на суд, па сега бидејќи на сите села ќе правиме судови односно одделенија, мислам дека на тој начин Валандово би бил дискриминиран. Во таа насока сметам дека е сосема реално и хумано и Валандово да има барем свое одделение. Ние не бараме суд, туку одделение, чисто поради фрустрација ако сакате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

Шеесет и четири пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеници се воздржуваат од гласање)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 28, став 1 за менување на членот 28, став 1, во точката 3, поднесен од пратеникот Нано Ружин.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас се извинувам што барам збор меѓутоа, после се ова што се случува во собранискава сала, морам да кажам само два збора. Ние изгледа не сме свесни за ова што досега гласавме дека со секое усвојување на амандмани ние ставаме најмалку три државни функционери, а нашата заложба, колку што јас знам на сите политички партии во изборите беше рестриктивно односно рестрикција во државната администрација, во вонстопанството рестрикција во оваа рестрикција. Меѓутоа, сега ние управо ги бојкотираме нашите...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не ви е интервенцијата процедурална.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се извинувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, вие одите во материјална расправа. И сосема да сте во право, тоа се га не е на дневен ред. Вие ќе треба по амандманот секој да дискутирате и да си кажете.

Отворам претрес по амандманот на член 29, точка 1 и 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

XIII/5

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29, точка 1 и 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 29, точка 2 понесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи имаме голема гужва со наоѓање на амандманите, ве молам повторете за кој амандман се работи?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандман на член 29, точка 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тоа е поврзано со Кратово и се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 за додавање нова точка 2-а поднесен од пратениците Рами Туда и Зеќир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не го прифаќаме амандманот.

**ЗЕЌИР КАДРИУ.**

Господа пратеници јас ќе се трудам без разлика што сум убеден однапред дека со овој мој амандман нема да има некој конкретен успех, меѓутоа, сака да истакнам и тоа дека и министерот ете сега тука не знае

дали и е предложен амандманот и во врска со тоа само едноставно се декларира дека не се прифаќа. Јас ги молам сите пратеници внимателно да го читаа овој амандман и да ја гледаме состојбата реална, бидејќи јас тука сум се трудел да кажам некои образложенија дека навистина еден цел регион во кој се опфаќаат некои општини нема апелационен суд. Според тоа, решението понудено однапред, од страна на предлагачот во однос на основање на апелациониот суд, нема основа од причина што не се почитуваат ни основните принципи и критериуми при основање на апелационите судови, така што цел еден регион е лишен од право да има апелационен суд. Со што апелациониот суд во Скопје е преоптеретен во однос на другите два апелациони судии во Битола и во Штип.

Амандманот за основање на апелационен суд во Тетово е оправдан од причина што тука гравитираат граѓани од подрачја на основните судови што ги опфаќа апелациониот суд во Тетово, што со себе непосредно, ефикасно и брза заштита, како и доверба на граѓаните од овој дел на Републиката во судската власт во полза на основање на апелационен суд во Тетово зборува голем број на основните судови, кои треба да бидат покриени во апелациониот суд во Тетово. Тука во овој амандман ние апелираме дека апелациониот суд во Тетово за подрачјата на основните судови во Гостивар, Дебар, Кичево, Струга и Тетово согласно со овој амандман да се изврши корекција од точка 1,2 од став 1 на член 29. Ги молам пратениците за ова да го подржат и да го прифатат како таков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Девет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 став 1 за додавање на нова точка 2-а поднесен од пратениците Рами Туда и Зеќир Кадриу.

Отворам претрес по амандманот на член 29, став 1, точка 3 поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Пет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 став 1, точка 3 поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Отворам претрес по амандманот на член 29 точка 3 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29 за додавање нова точка 4 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Девет пратеници гласаа за.

XIII/8

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 за додавање нова точка 4 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 31 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 точка б, поднесен од пратеникот Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 32, став 1 , точка б, за додавање нова точка в, и на ставовите 2 и 5 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Морам да кажам дека амандманите ние ги добивме сега непосредно пред седницата на куп и не можеме да ги подредиме.

Овој амандман не го прифаќаме.

XIII/9

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е пресериозна материја да можеме Владата да ја оставаме во ситуација сега овде да ги добива и да прифаќа или од нешто што не може да провери.

XIV/1/CJ/л j

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сосема се согласувам. Дајте да изработиме онака како што треба, законот, да направиме, морам да Ви кажам ова е исклучително значаен закон и не треба да има од овде, после, објаснување, јас ве разбирам господине Петров, сето тоа,меѓутоа, мислам го делите моето мислење. Се согласувате? Ве молам да се согласиме. Ние да прекинеме со оваа точка да се повлече министерот и некои од службите овде да ги досредат сите амандмани и своите ставови кон амандманите. Со амандманска расправа ќе продолжиме откако ќе ги минеме другите точки.

Дали може така? (Пратениците се согласуваат) Значи може.

(Некои од пратениците реагира), не може, ќе ги доведеме во ситуација едноставно да се изјаснуваат погрешно. Тоа не смееме да го допуштиме. Тој го повлекува амандманот меѓутоа има други не им се средени амандманите, вие чувте ли што министерот вели. Тоа влезе во стенограм. Ве молам, законот за судовите, за него станува збор. Тоа ќе трае јас верувам не повеќе од еден саат да ги завршиме другите работи.

Ве молам, сите да бидете тука да имаме најмалку 80 пратеници да гласаат за овој закон.

Сега сме на амандманот на г-дин Мирко Пецов кој го повлече. (Пратеникот Пецов реагира дека не го повлекува). Сега не го повлекува амандманот. Јас затоа ви велам таква несигурност кај предлагачите и кај Владата не смее овој закон да има. Не смее по никој закон, туку овде не смее. Ви обрнувам внимание тој е многу сериозен закон, уште еднаш.

Минуваме на **<u>точка 2</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за архивската граѓа, со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

XIV/2.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за архивската граѓа.

Кој е за молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој ,се воздржува од гласање? (не) .

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас само принципиелно сакам да поставам едно прашање, во член 13 од Законот со кој се менува член 21 став 2 од постојниот закон, мислам дека како Собрание треба да се размисли или во најмала рака да добиеме сериозно образложение бидејќи писмено не е доставено од Владата односно од предлагачот зашто со користењето на материјалите оние материјали и други документи кои се чуваат во Архивот на Македонија бројката 50 години од создавањето на граѓата за да може да

се користи сега се менува со зборовите "150години" што значи дека со Законот ние се определувам е да создаваме можност на Владата како имател, како што овде се вели на архивската граѓа да може да определи во рокови не поголеми од 150 години, меѓутоа значи во рок до 150 години може да недозволи користење на архивска граѓа. Мислам дека е тоа работа во која три четири човечки генерации може да се сменат без воопшто да се дознава во јавноста користењето на архивската граѓа во функција на дознавање на вистината за историја на една држава. 50 години е некој разумен рок кој досега стоеше во законот, меѓутоа 150 години да е максимумот со право на Владата да одлучува до 150 години мислам дека не оди во функција во тоа да во државата се има јасна прилика за сопственото минато, дури и сегашноста во некој домен.

Барам во овој дел од општата расправа по Предлог законот од предлагачот на законот да се даде образложение зошто толку е зголемен трикратно рокот во кој може да се пролонгира означувањето на архивската граѓа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сега е овде и укажувањето на господинот Поповски дека овластениот претставник не е тука од Владата. Овде во писмото стои дека е министерот за култура.

Предлагам и овде да запреме, да продолжиме кога ќе дојде претставникот кој од Владата е овластен за ова.

Прашањето и тука е многу сериозно. Може ли така?

Бидејќи претставникот по третата точка не е тука треба да се повика брзо, тогаш да минеме на четвртата точка.

XIV/4.-

**<u>Четврта точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за заштита од пушењето, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата на Република Македонија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**СЛОБОДАН ДАНЕСКИ:**

Да не дојде до некое погрешно разбирање бидејќи јас бев тој што предлагав оваа точка од дневниот ред да се симне, бидејќи во услови кога се води една сеопшта кампања од целиот свет против алкохолот пушењето и дрогата, мислам дека она што е предложено во овој закон не е наменето против она како ќе се пуши, како ќе се злоупотребува пушењето, туку она што директно донесува штета на нашите производители на цигари. Имено, за што станува збор, станува збор во член 4 "се забранува рекламирање на цигари заштитни знаци на цигари и тутунската индустрија во средствата за јавно информирање, телевизија радио, весници списанија и друго. Се забранува искажувањето на реклами за цигари и заштитни знаци на цигари и тутунската индустрија на надворешните странски, на објектите на фасадите, киосците превозните средства рестораните кафулињата и други места". Посебно буни ова "други места". Кога се прави закон, други места, тоа не е дефиниран термин.

Она што посебно загрижува дали ќе имаат исти третман нашите производители со странските. Ние сме сведоци дека гледаме на телевизија разноразни преноси. Тука е преносот на формула 1, Џиро од Италија, пото; разно разни скопски настани каде што се присутни рекламите од Малборо, Пал-Мал, Ротманс, и ред други цигари. Нашите производители се ставени во нерамноправна положба затоа што новиот производ кога ќе излезе како цигара никаде не може да се рекламира.

XIV/5.-

Тука станува збор и мислам дека предлагачот ќе биде на едно високо ниво и ќе сфати дека треба да се направи една корекција во овој дел на законот. Не станува збор против законот, против пушењето, да се извалкаат работите, да видиме колку е директната штета на нашите производители, да не направиме лоша услуга.

Ова стои секаде во светот, но вака законска регулатива никаде не стои во светот, мислам да се забрани на нашите производители на цигари.

Она во другите членови го поддржувам, но од членот 4, но мислам дека ќе дојде до едно разбирање на самиот предлагач бидејќи е присутен и ќе се надмине состојбата да се модифицира овој член и да се поправи.

Имам информации дека на овој член има амандман од страна на Владата, па го молам предлагачот да излезе, да објасни што мисли во однос на членот 4.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Иако сум голем противник на пушењето, на се и сешто од дробен тутун наречен качак до пури, хавана и марихуана, посебно кај младите и на секаде и во секое време во врска со овој предлог на закон јас од еден друг аспект ќе изнесам одредени недостатоци и нелогичности. Внимателно го прочитав образложението на потребата од донесување на овој закон, но за негово функционирање недостасуваат некои битни предуслови како на пример општата култура, поголемо здравствено просветрување, лично образование и знаење за штетноста од дејството на никотинот, чадот, катранските материи и други сознанија за оваа најраспространета болест во светот и кај нас.

Потребно е да се нагласи дека пушењето, алкохолизмот и наркоманијата се болести на независност по сите стандарди на

XIV/6. -

Светската здравствена организација кои се и кај нас широко распространети и се повеќе и повеќе ја зафаќаат младата генерации. Без добра и перманентна работа и масовно просветување, индивидуално и општо подигање на културата и знаењата не е можно само со закон да се постигне поставената цел, оти овој закон ќе биде оспоруван, неприменуван и изигруван. Како може да се оцени некој млад купувач на цигари со навршени 16 години по член 5 од овој закон кога и дете од 10 до 15 години продава цигари како дилер и други материи кои широко и распространето во РМ, ги земаат младите. Како ќе се казнува на лице место затекнат неписмен и неупушач и болен психопат или хроничен душевен болен кој пуши во автобус или наместо за кое велиме дека не е определено за пушење, во казнените одредби што е тешко и неизводливо.

Јас иако сум непушач, подолго време се занимавам со болестите од зависност, ќе се воздржам од гласањето по овој закон од наведените причини, а посебно не гласам за казнување на зависници од цигари кои купуваат цели штеки или создаваат резерви како тоа што го чинат алкохоличарите и наркоманите и кои треба потполно да се лекуваат.

Благодарам.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Само сакав да му одговорам на првиот дискутант, не му го знам името, дека изгледа заборавил за правилото за рекламирање. Рекламирањето е за тоа за да се консумира што повеќе до тој производ, а сигурно ако некој би ме прашал дали воопшто треба ние да произведуваме тутун во Македонија, јас би бил секогаш против?

Благодарам.

XIV/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бара реплика г-дин Слободан Даневски. Беше точно лоциран првиот учесник во расправата.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јас се викам Слободан Даневски, г-дине, а она што беше мојата дискусија, не беше во тоа дали јас го поддржувам овој закон во однос на пушењето. Јас никогаш во животот не сум пушел. Проблемот е во тоа што ние сме производители на цигари. Проблемот е во тоа што тука на оваа говорница се говореше за тутунот и за ред други работи како заштитни цени, гласно говорници, бидејќи кажуваат дека живеат од тутун 80 илјади луѓе. Вие предлагате да се забрани тоа, така? Добро, забранeто.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, само сакам да укажам на еден елемент кој не мислев дека треба да се каже однапред нешто за законот, меѓутоа треба да направиме јасна дистинкција која е целта на законот. Целта на законот не е да се бори против пушењето, апсолутно, целта на законот не е ни да се бори против пушачите, туку целта на законот е само заштита на непушачите од штетните дејствија на пушењето и заштита на оние кои се уште се неопределени дали ќе пушат или не, да се заштитат од едностраната штетна кампања во корист на пушењето. Значи, овој закон не се определува против пушачите туку го респектира правото на секој повеќе сам да се определи дали ќе пуши или не, меѓутоа се определува да ги заштити оние кои се определиле да не пушат од штетното дејство на оние кои се определиле да пушат. Значи, само сакав да ги заштити непушачите и оние групи кои што се потенцијални пушачи поради фактот дека ова општество цени дека е пушењето штетно, меѓутоа не и да им се врти како закон против пушачите во ниедна смисла.

XIV/8.-

Инаку, мене лично не ми е прифатлива тезата дека треба што повеќе да се пуши заради тоа што имаме развиено тутунопроизводство заради тоа што производството на материи кои што се штетни по здравјето доколку ги стимулираме за употреба за нашата држава навистина може да не однесе и подалеку од тутунот, не само да се заврши кај тутунот. Меѓутоа, и покрај тоа треба да потенцирам дека проблемот на тутунопроизводството во Македонија ни започнува ни завршува со овој закон затоа што повеќе од две третини, над 70% од тутунот што го произведува Македонија се извезува. Што значи дека оној мал дел што се употребува за домашното производство на цигари и на други производи од тутунот воопшто не се битни од овој закон, битно е како ќе оди извозот на тутун на странските пазари, а овој закон нормално дека важи само на територијата на РМ.

**ПЕТАР ТАЛИМИЏИОСКИ:**

Јас навистина не можам да го разберам законот за забрана на пушењето, не можам да ја разбирам целосно оваа дискусија што сега ја слушам (реакција од пратеникот Никола Поповски) добро се извинувам, заштита, не е забрана, заштита, гледам дека многу грешки се прават кога се зборува дури и од првиот дискутант вели 80 илјади жители. Со тутун во Македонија се занимаваат некаде околу 300 илјади жители, спомнувајќи ги сите оние производители, а спомнувајќи ги оние кои што го произведуваат тутунот во фабричките хали. Јас мислам дека овој закон за заштита требало да навлезе многу подлабоко за да може прво да знае што е тоа тутун, што се тоа тутунски преработки и како пушачите односно како уживателите да можат да се заштитат токму од тој тутун. Ние навистина на овие четири страници не можеме да видиме што е тоа тутун и кои се тутунските преработки. Ние прво да ја спомнеме

фабрикацијата и веднаш ќе видиме дека постојат безброј тутунски предработи како што се почнувајќи од тутунот за пушење, за џвакање, за шмркање, итн. Само едно, дали помислувал предлагачот дека и оние што тутунот го шмркаат или го џвакаат и тие можат некако да се заштитат или кој е тој заштитникот што може тоа да го стори. Но, тоа го имаме некаде.

Второ, имаме тутунски преработки за пури, да не речеме дека и други производи што не сакам тоа да го спомнувам, сепак вие размислете и одлучете за тоа.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ**: (Продолжение)

Според тоа, ние знаеме дека секаде во светот постојат забрани, постојат и заштити за тутунот кои се однесуваат и се истакнати на многу јавни места. Некаде можеме да сретнеме "благодариме што пушите". Тоа се сите оние фабриканти што денес ги имаме, 24 илјади кои живеат од тутунот и секаде во нивните канцеларии, во нивните простории стои "благодариме што пушите".

Трето, што ние заштитуваме и како ние заштитуваме, јас не знам како можеме да заштитиме кога до^денес во историјата на општеството имаме мал број на појави кои за нив имаат такво судбоносно значење како што е тутунот. Во секојдневниот живот луѓето го негувале, го користеле, уживале и верувале во него. Навистина тој е тој со кој безброј агрономи, безброј лекари, да не речам генетичари и што не се занимавале со одгледување повеќе отколку мало дете. Не зборувам за сето она што денес го имаме, таканаречени тутунски школи и специјалисти, посебно по пушењето што денес ниту во Законот, а тоа се млади кадри што постојат а имаат дегустации. Денес ние сме тие што ги тераме помалку и повеќе да пушат и да дегустираат и да кажуваат кој тутун, какви тутуни и како треба да се пуши.

Исто така, имаме безброј цигари, почнувајќи од ориенталската цигара, која не зборувам каква е, потоа бренд цигарата, вирџинската цигара, црната француска цигара и не знам која цигара која по својот состав има свое значење дури медицината има изнајдено некоја цигара која помалку или повеќе делува позитивно на организмот на човекот посебно од некои заболувања. А како ние ќе ги одредиме дали тие пушат тутун или пушат лек. Тоа тука го немаме.

Кога зборувам за ориенталската цигара, веднаш можам да кажам слободно без шала и смеа дека таа е единствена цигара која се најдува во нашата земја, поточно во Македонија за која не се потребни никакви сосови и аромати, само го имаме она што е природното Досега во Македонија имавме неколку врсти на цигари кои ги употребувавме но со воведувањето на бренд цигарата, со воведувањето на вирцинската цигара и другите тутунски преработки навистина ние почнавме да се труеме. Можеби токму треба да се вратиме на она да ја заштитиме, тоа сакам да влезе во законот, нашата ориенталска цигара, бидејќи токму со ваквиот закон ние ќе имаме продор на светските цигари бидејќи тие ќе ни се населат тука, а нашиот тутун и нашите цигари ќе останат во нашите магацини. Сметам дека ќе немаме ниту име ниту презиме на нашиот тутун и нашите цигари. Сум за она, не велам забрана, заштита, се извинувам сум за тоа иако добро го познавам тутунот сметам дека ние ќе дојдеме на некој начин да предложиме да се заштитиме од тутунот. Предлагаме многу законски прописи и норми, дури ги предлагаме луѓето кои ќе не штитат од тоа. Овде гледам многу лекари и знам уште првиот момент кога имавме мал одмор сите ги видов со исклучок на еден како ги ставаат цигарите во уста, а тоа ме убеди дека навистина не претставува отров, претставува уживање за одредени луѓе, претставува се она што мислите понекогаш, радост, а затоа спомнете си во филмовите дека тоа претставува и нешто друго она што е лулето на мирот, мир и среќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, ќе бидам краток, само ќе ве молам комплетно ислушајте ме без реакции пред крајот.

XV/3

Пред нас се наоѓа закон чие донесување носи и многу контроверзии со себе. Како лекар сепак најблизок ми е медицинскиот аспект. А тоа значи пушењето на цигари предизвикува тешки последици по човековото здравје во одредени случаи и со фатален завршеток. Сето ова е потврдено со непобитни факти и докази во светската литература, а истото го покажува и нашето овдешно медицинско искуство. Зад ова стои заклучок пушењето> е штетно и треба со ригорозни законски мерки да се бориме против тоа.

Етички аспект: пушачите, ќе дозволите на изразот, се егоисти. Припалуваат цигари во секоја ситуација и на секое место, а без за тоа да побараат дозвола од друштвото во кое се наоѓаат. Медицински е потврдено дека во друштво на пушач на секои три цигари на пушачот непушачот испушува една цигара. Значи уште еден аргумент во борба против пушењето. Секако на непушач. Уште една потврда на тезата дека е потребен ригорозен закон. Дали овие два аргументи се доволни да го убедат пратеникот непушач, а во исто време и доктор да ги дигне двата прста за поддршка на законот со 100% сигурност за исправноста на тој потег.

Од друга страна каде е правото на една возрасна личност сама да ги одредува своите постапки. Каде се залагањата на ова наше демократско друштво за почитување на интегритетот на личноста. Кој ми го дава тоа право мене како пратеник со донесување на еден закон да ги забранувам или дозволувам личните задоволства на индивидуата.

И уште една димензија на проблемот, економската. Македонија е земја со развиена тутунска индустрија. Илјадници фамилии животарат и се прехрцнуваат благодарение ан тутунот. Дали со донесувањето ригорозен закон не си ја сечеме гранката на која стоиме.

И на крајот одлука: Да се поддржи законот или не.

Би било право мајсторство на предлагачот да успее така да го состави законот во кој сите овие компоненти би биле почитувани. Сепак мислам дека на Република Македонија и треба ваков закон во кој со предложената амандманска корекција ќе успее да се воспостави балансот меѓу контроверзиите кои ги нуди.

Дозволете на крајот да ги изнесам своите резерви спрема остварувањето на инспекцискиот надзор. Посебно во однос на членот 5 каде се зборува за продавање на цигари на деца под 16 години. Мислам дека инспекцискиот надзор во овој случај не ќе може да изнајде начин и инструменти да ја изврши својата задача.

И сосема на крајот, дозволете ми како доктор да не се согласам со констатацијата дадена во образложението на законот, дека пушењето е поштетно кај непушачите отколку кај пушачите. Иако сум непушач морам да кажам дека светската литература го тврди спротивното.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Борис Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, дискусијата на претходниот колега го опфати сето она што јас сакав да го кажам, меѓутоа, навистина не би било ред како лекари да не излеземе и да не го кажеме своето мислење. Во ниеден момент нема сомневање дека тутунот е штетен по здравјето на луѓето и мислам дека од оваа говорница тоа мора јасно и гласно да се каже. Меѓутоа немам намера да ги одвраќам луѓето од пушење, но редно е пак уште еднаш да кажам дека нема ниедно добро дејство за организмот што го прави тутунот и неговите состојки. Од тие причини дискусијата на претпретходниот

дискутант воопшто не држеше на тој план, затоа што тоа на некој начин излезе од оваа говорница како реклама за пушењето и предлогот на законот требаше да добие друг назив, не заштита од пушењето, туку ајде да земеме да пушиме.

Значи, законот кој е пред нас апсолутно го поддржувам тој треба да биде донесен, со тоа што тој се однесува на непушачите а не на пушачите. На пушачите е да се одлучат дали ќе пушат или не, меѓутоа ред би било да ги заштитиме непушачите, особено младата генерација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, сметам дека една ваква иницијатива е за поздравување во смисла на донесување на еден ваков предлог на закон, но од друга страна иницијатива која секако ќе се одрази и од аспект на здравјето и "од аспект на заштита на непушачите. Меѓутоа, сметам дека не сме спремни во овој момент низ овие контроверзни дискусии да дојдеме до некој прав заклучок, што би рекол забелешки кои ќе бидат одржливи.

Сметам дека посебно одделот каде што се дадени казнените одредби кај инспекцискиот надзор треба малку подетално да се разработи, од аспект што токму во членот 9 казните што се назначени треба да се усогласат со постојната правна регулатива и сметам дека овој предлог на закон треба да помине низ постојните комисии и потоа да дојде на расправа на оваа седница. Значи, мој предлог е да не го расправаме денес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита од пушењето.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

5 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање?

5 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

12 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

6 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Бидејќи по комисии не е гледана оваа материја, мислам дека би било добро претседателот на Комисијата за здравство да излезе и да каже што мисли Комисијата за здравство и второ, го молам предлагачот по членот 4 да даде детално појаснување. Мислам дека ќе излезе на говорница да даде детално појаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе дојде расправата по текстот, се разбира, предлагачот има право се да објаснува, сите членови.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Комисијата за екологија,млади и спорт поднесе амандман на член 2 алинеја 3 со кој се согласил предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1. Комисијата за труд и социјална политика во видоизменета форма го предлага овој амандман како свој, со кој се согласил предлагачот дна законот и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот. Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 3 со кој се согласил предлагачот на законот и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2 алинеја 2 и 7; член 3 став 1; за менување на член 4; за менување на член 7; за менување на член 8; и за бришење на член 10, со кои се согласил предлагачот на законот на седницата на Комисијата за труд и социјална политика и тие стануваат составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2 алинеја 5 и б; за бришење на член 5 и на член 9 став 1; по кои не се произнел предлагачот на законот.

Пратеникот Абдурауф Пруси поднесе амандман на член 5 за додавање на нов став 1; член 9 за додавање нов став по ставот 1 и на став 2 и на член 10 за додавање нов став по ставот 1, по кои предлагачот на законот не се произнел.

Пратеникот Ване Наумоски поднесе амандмани на член 3 став 2, член 2 став 2; член 5 за додавање нов став 1 и на став 1; член 6 став 2; и на член 10 по кои предлагачот на законот не се произнел.

Пратеникот' Слободан Најдовски, поднесе амандмани на член 2 став 1, за бришење на алинеја 5; член 2 став 1 за менување алинеја 7; и член 2 став 1 за додавање нова алинеја 8 по кои предлагачот на законот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 за бришење на алинеја 5 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Морам да кажам дека јас бев еден од оние малкумина овде кои гласаа против донесувањето на овој закон од една проста причина што не сакав да бидам лицемерен да гласам за донесување на законот, а

уште на излезот од -оваа просторија овде да запалам цигара . Бидејќи сум еден од оние што прилично пуши цигари не сакам да бидам од тие кои уште во првиот момент ќе го прекршуваат а да гласам за тој закон.

Предлагајќи ги овие амандмани кои јас ги предложив овде, се работи за три амандмани, амандманот 1 и 2 се тесно поврзани, ако добро ги прочита предлагачот. Имено, предлагам да се избрише алинејата 5 во која стои дека фактички е забрането иако овде се настојува да се каже дека е заштита од пушењето, јас со предлагачот разговарав малку на една од паузите, гледајќи го образложението кое е дадено при законот и она што се се образлагаше сега кога предлагачот го бранеше овој закон е навистина спротивно. Образложението кое овде е дадено го сфаќам фактички за забрана на пушење на цигари во објектите односно во просториите кои се наведени во член 2.

Во член 2 алинеја 5 стои: "под јавни простории во кои се забранува пушењето се и објектите во кои се произведува, подготвува, служи, продава или консумира храна". Јас ова го подразбирам како целосна забрана на пушење на цигари во сите објекти и ресторани во Република Македонија. Мене предлагачот настојуваше да ме убеди во паузите дека не се забранува да се пуши): во ресторанитe, туку се одредува простор каде што ќе може да се запали цигара, тоа ќе биде левата страна на ресторанот, левите маси а десните нема да бидат или обратно или еден дел во кој ќе се одреди. Притоа јас не гледам дека тогаш непушачот е^заштитен во една просторија, затоа што чадот нема да стои стриктно на тие две маси. Тоа е едниот дел.

Затоа предлагам како амандман 2, да не излегувам повторно да дискутирам да кажам, во рамките на тоа предложив во членот 2 на алинејата 7 да се додаде таму каде што стои "други простории", да стои "и објекти во кои ќе влезат и објектите во кои се произведува подготвува, служи, продава или консумира храна, но кои ќе ги определи правното

лице, во согласност со овој закон", односно сопственикот на тие објекти. Доколку сопственикот смета дека треба да има ресторан во кој што исклучиво ќе биде забрането пушење цигари и кој ќе биде наменет за непушачите, тогаш е вред а додека сопственикот смета дека во неговиот ресторан можат да присуствуваат и непушачи и пушачи тогаш тоа треба да му се дозволи. Затоа што сум убеден, повторувам дека сум убеден дека ќе бидеме првите ние кои ќе го прекршиме овој закон. Ние ќе бидеме тие кои меѓу нас овде ќе имаме некоја странска делегација која ќе седи со нас и први во ресторанот ќе запалиме цигара,

Од овие причини предлагам амандманот 1 и амандманот 2 да се прифатат.

XVI/1.-СП/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот 'Поповски, предлагач на законот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Во член 2 се одредуваат јавните простории во кои се подразбира дека ќе бидат забранети за пушење..Меѓутоа, во членот 3 од законот е децидно кажано дека и во тие објекти и простории ќе се одредат простории во кои ќе биде дозволено и во кои не може да биде дозволено пушењето. Во таа смисла се толкува алинејата 5 - објекти не простории во кои се произведува, подготвува, служи, продава или консумира храна, што значи дека, како што го толкуваше ценетиот господин предлагач на амандманот дека треба да се направи дистинкција на кои делови ќе може затоа што не е нешто што ќе го измислиме, сите од нас сме биле во многу такви простории каде што е направена поделбата, има и технички средства кои овозможуваат чадот да не се шири затоа што со други закони во сите објекти кога се пуштаат во промет потребно е да има соодветна вентилација, кубни метри простор по седиште, меѓутоа, и покрај тоа на Комисијата за труд и социјална политика се постави прашањето дека некои од објектите се во техничка невозможност заради големината да направат поделба на такви зони и токму од тие причини јас како предлагач прифатив во членот 3 каде се определува просторија во која може да се пуши го прифатив амандманот кој стана составен дел на законот доколку е технички возможно, што значи дека нормално во некоја кафана или кафич каде се произведува, служи итн. храна, меѓутоа, но не и пијалок, ако е три на три метри тука е неможно технички да се разграничи и тука не мора да се почитува тој закон. Затоа го прифатив овој амандман, меѓутоа, во оние ресторани односно во оние објекти каде е можно технички да се разграничи, каде се поголеми како

оваа сала, ресторанот или има посебни сепареа да може да се определи согласно законот правното лице, односно лицето кое е одговорно во тој ресторан да определи каде ќе има зона за оние кои сакаат да пушат и каде е зоната на оние кои не сакаат да пушат. Тоа е сепак чекор понапред во определувањето на заштитата на непушачите од штетните дејствија на пушењето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа амандманот не се прифаќа. Има збор господинот Најдовски, но ве молам задржете се на овој амандман, а не на другите два.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас не гледам зошто предлагачот не го прифаќа амандманот кога и самиот рече кога технички тешко ќе биде применлив овој закон токму на овој план. Морам да кажам сигурно на сите ви е познато дека во Италија моментално е во процедура потполно ист ваков закон кој излегол само малку пред овој нашиот и најголемата дилема се води околу тоа дали воопшто законот ќе може да се примени. Од она што предлагачот овде го укажуваше веќе однапред кажуваме ако го прифатиме ваков каков што е тешко е применлив во пракса, авторитетот и на еден закон и на еден парламент кој го донесува овој закон ќе зависи од тоа колку е применлив во пракса. Не сакам некој погрешно да ме сфати како што рекоа дека некои пропагираат да се пушат цигарите, реков дека сум пушач на цигари и знам дека се штетни, но нешто да донесеме, а тешко да е применливо во праксата навистина не гледам во тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

XVI/3.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 за бришење на алинеја 5, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 алинеја 5 и 6 поднесен од Владата на Република Македонија.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот на алинеја 5 не го прифаќам со истото образложение бидејќи е во иста насока како и во претходниот амандман

Амандманот на алинеја 6 го прифаќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Останува ова како амандман на алинеја 5. Бидејќи амандманот на алинеја 6 е составен дел на законот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на Владата.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (26).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 алинеја 5, поднесен од Владата на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 за менување на алинеја 7, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Молам, предлагачот на законот да се произнесе.

Има збор предлагачот на законот, Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа заради тоа што е во врска со првиот амандман кој не помина и сега би бил веќе нелогичен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 за менување на алинеја 7, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 за додавање нова алинеја 8, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

Има збор господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Овој амандман кој јас радо би го прифатил, меѓутоа, сепак се определувам да не го прифатам од причини што најголем дел од амандманот е содржан во член 2 став 1 алинеја 3 каде кажува затворени простории во кои се одржуваат културни манифестации, собири и други јавни приредби што се поклопува со собири и приредби за лица помлади од 18 години. Меѓутоа, не би го прифатил заради тоа што во него на прво место е ставено зборовите: "диско клубови" кои мислам дека иако мене лично ми е прифатливо мислам дека сепак би го направило законот пререстриктивен, сепак е тоа забава на која не мора секој, до колку му е

штетно, да оди. Амандманот не го прифаќам.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Прво ќе тргнам од последните зборови на предлагачот кој го одби овој амандман, кој рече дека сепак е забава и на некој ако му е штетно да не оди. Тогаш нема потреба од овој закон, некому ако му е штетно некаде каде што се пушат цигари нека не оди. Оние кои не го прочитале овој амандман да го прочитам, тој гласи вака:

"Во членот 2 да се додаде уште еден став кој би гласел: "диско клубови и објекти кога организираат собири и приредби за лица помали од 18 години". Тргнувајќи од образложението кое го има дадено предлагачот дека една од целите на овој закон е да се спречи отворената пропаганда за привлекување на нови пушачи особено на помладите поколенија го поднесов овој амандман затоа што сметам дека најкритичен период за да не стане пушач е токму до 18-та година. Од тие причини јас не гледам зошто предлагачот не го прифаќа или сака да дојде во контрадикторност самиот со себе во самото образложение што го дава во законот. Многу е тешко да се одвикнам јас сега од пушењето, туку полесно би било да ги спречиме тие што се до 18-та година да станат потенцијални пушачи на цигари. Ако е тешко да се одреди, бидејќи кога разговаравме со господинот Поповски ни рече тешко да се одреди кој е до 18 години, па како ќе одредите кој е 16 години да не му продадете цигари. Ајде сега кажете ми.

Мислам дека овој амандман е прифатлив и предлагам пратениците да ме поддржат и од сега ќе практикувам барем уште еден од пратениците на СДС да се потпишува покрај мене барем догаш мислам побрзо ќе поминат амандманите.

XVI/7.-

Дали уште некој бара збор?

Има збор Никола Поповски**.**

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прво, мислам дека е непримерен начин изнесување на дискусии вон од говорницата во контекст како да се изречени од говорницата, па макар и кога се точни, а овој пат беа грешно интерпретирани. Но и кога би биле точни мислам дека не е начин во расправата да се употребува она што не е во формална расправа употребено инаку, ако господинот Најдовски добро ме сфати, јас го повикувам од неговиот амандман 3 да ги исфрли првите три збора и понатаму амандманот ми е прифатлив, односно првите три двата збора и сврзникот да отпаднат, ако остане амандманот без првите два збора и сврзникот мене ми е прифатлив, објекти кога организираат собири и приредби за лица помлади од 18 години. Така е прифатлив, не знам дали се разбравме и за тоа реков дека тоа ми е прифатливо само да отпаднат првите два збора. Ако не го преформулира така, тогаш мене ми е неприфатлив само заради тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (29).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 за додавање нова алинеја 8, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

Има збор господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Првиот амандман на член 3 став 2 го прифаќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратеникот Ване Наумовски. Тоа е втор амандман.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Овој амандман не го прифаќам затоа што мислам дека сепак 60 дена е пореален рок за прилагодување отколку предложените 30.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Предлагачот на амандманот го повлекува.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 5, под<несен од Владата на Република Македонија.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

Дајте да завршиме со расправа по членот 5.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ;**

Од Владата се поднесени 9 амандмани од кои 6 се прифатливи, овој амандман не е прифатлив и мислам дека ни Владата не спори со определбата која се обработува во членот 5, туку спори со идејата во овој закон да се обработува оваа проблематика. Лично сметам дека не е

на одмет и во овој закон да се обработува оваа проблематика, бидејќи е на некој начин заштита од пушење кај лицата под 16 години и од тие причини' не го прифаќам амандманот .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (38).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 5, поднесен од Владата на Република Македонија.

Амандманот на Владата на членот 4 сте го прифатиле во постапката во комисиите, ако не е тогаш е погрешно во извештајот, сега ќе отворам претрес.

Отворам претрес по амандманот на Владата на членот 4 од законот.

Го молам предлагачот да земе збор."

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот број 4 на член 4 од Владата не го прифаќам и ќе образложам зошто, а едновремено и ова што господинот Слободан Даневски го бараше во општата расправа по законот.

Амандманот поаѓа од моментот дека производителите на цигари сепак би требало да имаат можност да ја известуваат јавноста и оние граѓани кои ги употребуваат нивните производи што не го спорам со технолошките унапредувања на производите од тутун изразени преку квалитетни видови на цигари преку средствата за јавно информирање.

XVI/9.-

Меѓутоа, јас ќе укажам на толкувањето на член 4 како што јас го гледам, а тоа е дека се забранува рекламирање на цигари и заштитни знаци на цигари и тутунска индустрија во средствата за јавно информирање. Тоа значи не е апсолутно забрането рекламирањето на цигари и на заштитни знаци на цигари и тутунска индустрија, туку е само забрането во средствата за јавно информирање, тоа се телевизијата и радиото како електронски медиуми, весниците и списанијата, додека можностите за рекламирање на цигарите на други начини преку пропагандни летоци, преку носење на маици, печатење на маици, тоа не е забрането. Едновремено не се толкува согласно овој член дека е забранет пренос на пример од автомобилски трки доколку е ставено на некој автомобил знак на цигара или на некое пано. Во овој закон не се предвидува ниту на нашите стадиони од внатрешна страна да можат да се рекламираат цигарите. Автоматски не се ограничува, а зборуваме хипотетички, ни преносот од таквите натпревари, туку се забранува само директно рекламирање со реклама која е специјализирана за тоа, а не да се пренесува нешто што и онака веќе стои. Тоа значи дека не би можеле да го толкуваме дека не би можело да се врши пренос затоа што тоа не е реклама, туку е пренос, а рекламата има стандард што е, она што е платено или неплатено со посебна целина, посебно испечатено итн.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Така да останува простор во магазини, во каталози, во ценовници и на други начини, пропагандни летоци да се рекламираат производите на тутунот. Меѓутоа овој закон, јас како предлагач предлагам да биде малку по ригорозен па во средствата за јавно информирање сепак да ја ограничи порадикална можноста отворено да се рекламираат цигарите.

Значи амандманот не се прифаќа.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Не сакав на овој начин да се расправаме, меѓутоа морам да кажам изненаден сум до незнаењето на Никола Поповски, барата со термин "рекламирање", кој не постои...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, внимателно да ги формулираме мислите.

**БЛАГОЈА СИЉАНОВСКИ:**

Пропагирања постои.

Второ, барата со поим "средства за јавно информирање". Средства за јавно информирање е една работа, медиуми се друга работа. Можеме да спориме колку сакате. Апсолутно погрешно и однаучен и од секаков аспект во закон ваква формулација не може да стои и затоа ми е многу прифатлив амандманот од Владата, каде што, и тука има еден дефект вели се забранува рекламирање на цигари и заштитни знаци на цигари и тутунска индустрија на Телевизијата и на Радијото.

"Се забранува пропагирање", може да стои, не "рекламирање" и во овој амандман.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Само заради тоа ме квалификуваш со незнаење?

**БЛАГОЈА СИЉАНОВСКИ:**

Само за ова зборувам.

**НАНО РУЖИН:**

Јас незнам дали деловнички е возможно, во врска со амандманот на Владата, кој што предлагачот на законот не го прифати,предлагам онаму каде што ќе се пропагира , или рекламираат цигарите во средствата за јавно информирање, ако се прифати тие да се рекламираат или пропагираат тогаш да биде одоздола напишано како фуснота "пушењето е штетно по здравјето на човекот". На тој начин мислам дека е едно соломонско решение, и Владата ќе биде задоволна и г-динот Никола Поповски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Во врска со членот 4 мислам дека не се разбравме добро. Бидејќи јас го замолив почитуваниот г-дин Поповски дека ќе има една висина да најде друга формулација, затоа што ова не соодветствува. се прават директни штети на нашите производители на цигари. Како што рече г-динот Сиљановски "пропагирање", нема да имаме исти термин. Кога ќе се внесе ова во закон, Вашето толкување треба да го толкувате на секој телевизиски пренос, да им објаснувате на гледачите. Тоа не може. Ќе се стави се забранува тоа, тоа и тоа и тоа е закон, нема што да се договараме што е закон, затоа што ќе бидат хендикепирани нашите производители на цигари. Кога ќе испаднат новите цигари од нов тип

како ќе се пропагираат, односно како ќе се рекламираат. Никако не може. Дали читаат децата до 16 години весник, дали слушаат радио тоа е друга категорија, друго сфаќање, други филозофии. Затоа треба овој член 4 и мојата заложба беше да се најде друга формулација која во суштина ќе ги заштити и ќе ги стави во ист третман како странските производители. Тоа беше целата моја идеја од самиот настап на дискусијата. Јас мислам дека не дадовте добра формулација за овој член .

**ПАНЧО МИНОВ:**

Контрадикторноста помеѓу предлагачот и Владата по овој амандман само потврдува дека содржински, по значење и по целите што еден ваков закон тежнее да ги добие на планот на здрава работна и човекова средина ги надминуваат рамките, без увреда, на поединец пратеник и мислам дека ваква работа која има далекосежни и повеќе димензионални последици, да не спомнувам, само спорењето во однос на пропагирањето како на цигарите, така и на заштитните знаци, информиран сум од луѓе кои се компетентни во оваа област дека никаде во светот нема забрана на пропагирање на заштитните знаци. А тоа сме сите сведоци, преку медиумите го гледаме.

Аспектот на директната условеност и последичност на една ваква забрана од аспект на заштита на домашното производство на тутун и цигари и оваа дилема меѓу предлагачот и Владата, само уште еднаш ќе повторам ја потврдува констатацијата дека преамбициозно е вака важен закон и со така важни цели што сака да ги постигне содржински да се предлага од поединец пратеник. Тоа е потврда и за мое размислување ќе го искористам коментарот по овој амандман дека овој закон апсолутно е неприфатлив да се усвои.

XVII/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Се извинувам, има збор г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Јас се извинувам, вака пред гласање што се јавувам, меѓутоа, очигледно беше дека има последици тоа што овој закон не се гледаше на Законодавно правната комисија и мислам дека ќе добиеше многу во квалитет, ако не друго барем од техничко правен аспект. Гледајќи го законот за мене е забележливо на неколку места дека треба да се интервенира во текстот за да се добие во квалитет на содржината на законот односно во текстот на законот. Сега не сум сигурен дали е тоа деловнички можно, меѓутоа пред објавувањето на овој закон, ако е можно сепак ЗПК да го погледа, бидејќи внатре има навистина некои работи, на пример заштита од пушење на граѓани. Тоа е заштита на не пушачи, а не на други. Така да има некои терминолошки работи што треба да бидат исправени. За жал можеше и со амандман сега, но еве тоа не го направивме. Ако е можно јас би предложил сепак со се ова што значи усвоени амандмани ЗПК овој "важен" закон да го погледа. Ме изненади и тоа што на самата седница кога требаше да се гледа овој закон не беше присутен предлагачот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи претресот е заклучен по амандманот, а оваа интервенција е чисто процедурална и не предизвикува никакви последици бидејќи не реагира предлагачот. Тоа си останува и понатаму.

Кој е за амандманот на член 4, амандманот на Владата, молам да крене рака?

54 пратеника гласаа за.

Дали има некој против амандманот? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (8)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 4 поднесен од Владата на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став 1 поднесен од пратеникот Абдурауф Пруси.

Го молам пратеникот, предлагачот на законот да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа заради тоа што со друг закон се регулира каде е дозволена продажба на сите видови и одделно на производи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додавање нов став 1 поднесен од пратеникот Абдурауф Пруси.

Отворам претрес по амандманот на член 5 аз додавање нов став 1 и на ставот 1 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6, став 2 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа зашто влијае во насока на спроведување на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од Владата на Република Македонија.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот затоа што брише казнена одредба за амандман кој претходно не го усвоивме. Така да веќе технички е невозможно да се усвои овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 поднесен од Владата на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став по ставот 1 и на ставот 2 поднесен од пратеникот Абдурауф Пруси.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа од причини што и предложените одредби во законот се ускладени со законите за казни и прекршоци и затоа нема потреба од наново усогласување. Предложениот закон е со помали казни и сметам дека не треба да се прифати поригорозна мерка на казнување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (5Хпратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање нов став по ставот 1 и на ставот 2 поднесен од пратеникот Абдурауф Пруси.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Абдурауф Пруси.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа од истите причини како и претходниот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

XVII/8.-

Кој е за, молам да крене рака?(4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Абдурауф Пруси.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Г-динот Наумовски го повлекува амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Го прифаќам амандман 9 на Владата за бришење на член 10. Тоа се истите причини заради кои овој амандман што го повлече г-динот Наумовски амандманот што го повлече г-динот Пруси, според кои не постојат веќе казнени одредби за прекршоци за физички лица кои рекламираат на своите фасади и т.н., кои Собранието со свој амандман ги укина како одредби на законот и нема потреба да постојат казнени одредби. Затоа ги одбив тие два амандмани. А овој амандман на Владата го прифаќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку имаме извештај од една комисија дека е веќе прифатен

Сега повелете по текстот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

На крајот само би сакал, бидејќи веќе нема потреба да се појавувам на говорницата во мое лично име да се заблагодарам на многу пратеници кои помогнаа во изготвувањето на законот и би сакал до оваа говорница да се заблагодарам и на бројни поединци од Републичкиот

XVII/9.-

одбор за борба против пушењето и заштита од пушењето и на бројни членови на еколошки друштва и на Друштвото на екологисти на Македонија кои дефакто со свои прилози ми помогнаа во изготвувањето на законот и ми дадоа поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Во контекстот на она што претходно го кажав, јас повторно поздравувам една ваква иницијативи, се разбира, го ценам трудот на нашиот колега и сите тие што учествувале во изработката на овој закон, меѓутоа сметам врз база на сите овие недоречености, врз база на правните, неевоулирани принципи, би рекол, кои се посебно во казнениот одел, а и од друга страна и конфузии кои ќе се појават во праксата на еден ваков закон, сметам дека доволно не е доречен и пред лагам да не го гласаме овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на закон и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (57 пратеници)

Дали има некој против? (10 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (14 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за заштита од пушењето.

(Аплауз).

Да се вратиме на втората точка, бидејќи министерот сега е тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор?

Само да го потсетам министерот, овде беше отворена една дилема зошто сега се отвора можност од 50 години да се продолжи рокот на некористење на архивската граѓа до 150 години, бидејќи тој не беше присутен кога беше тоа изречено.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 7 став 3 и 4, член 8 и за менување на местата на член 8 и 9, член 11 и за бришење на член 12 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 3 и 4 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 8 и за менување на местото на член 8 и 9 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Амандманот е од техничка природа, не менува ништо во суштината, затоа се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

И овој амандман логички би требало да се брише и без предлог заради тоа што се прифати претходниот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за архивската граѓа.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка сд областа на спортот меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон.

XVIII/3.-

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон со извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка од областа на спортот меѓу Република Македонија и Република Турција.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам, да крене рака? (69 "пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман за додавање нов член 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА.**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот за соработка од областа на спортот меѓу Република Македонија и Република Турција.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за Основното образование.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратениците Бранирод Михајловски, Руфи Османи, Рами Туда, Зекир Кадриу и Сами Ибраими ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, потребата и барањето за нов закон за основното образование постои од поодамна,

XVIII/5.-

Имено, новонастанатите состојби, ситуации и едукативните тенденции на потсистемот за основно образование и оспособување на учениците за живот претставуваат императив на современото општество и современите барања и тенденции во воспитанието и образованието. Основното образование има сложена задача, таа и по форма и по содржина треба да трпи значајни квалитативни и квантитативни промени со единствена цел: ученикот да биде субјект, а наставникот креатор на тој субјект. За да биде тоа основното образование треба да има своја законска рамка која треба да биде демократски фундирана при што априори се претпоставува целината на општественото живеење, проширувањето и унапредувањето на животната и работната средина, духовно збогатување на личноста на ученикот, хуманизација на односите, антиципација на промените, транзициите во овој период во кој живееме Од овие причини Законот за основно образование претставува рамковна основа за квалитетно менување на поставеноста и функционирањето на делот од системот, а тоа е основното образование и да има влијание врз акцелеративните општествени преобразби од една страна и натамошно унапредување и преобразување на функциите на воспитанието и образованието во овој дел на системот. Од овој аспект, а имајќи ја предвид демократската определба на општеството очекував далеку посовремен, помодерен закон со надминување на традиционалните решенија во смисла на осовременување на одделенско - часовниот, предметниот систем, положбата и позицијата на ученикот и наставникот во основното образование, редефенирање на целта и задачите на воспитанието и образованието, начинот на унапредувањето и оценувањето на учениците, можноста за со закон да се растовари ученикот и флексибилноста на наставните програми, т.е одредување минимум и максимум на наставни предмети и наставни часови, на пример минимум да биде 16, а максимум 25 наставни часа во текот на неделата.

XVIII/6.-

Порастот на вкупното, општото ниво на образование, поместување на границата на почетокот на основното образование на младите од 7 на 6 годишна возраст, поголема демократизација на образовната дејност и односите во училиштето и создавање циклуси во основното образование и сл. Јас сум свесен дека сите овие фактори предизвикуваат значајни квантитативни и структурални промени, но кон тоа мора да одиме и Законот треба нив да ги антиципира. Бидејќи се работи за значаен закон кој моментално регулира основни односи и состојби во основното образование каде се опфатени 261.385 ученици, 10.124 паралелки каде воспитно образованата дејност се остварува на македонски, албански, турски и српски јазик, јас го поддржувам барањето да се донесе законот. Со цел Законот да се дотерува и квалитетно подобрува, предлагам во соодветните членови да се вградат норми за остварување на образованието на возрасните, воспитно образовната дејност за деца со потешкотии во учење и хендикепирани, на училиштето да му се дава соодветна автономија, да се овозможи со една слаба оцена да се оди во погорно одделение, да се вгради предимство за вработување на учителите со завршен Педагошки факултет - одделенкса настава, односно одделенска насока и Факултет за учители, да се овозможи покрај денот на словенските просветители и патрониот празник да се предвиди и ден на азбуката на албанскиот јазик, т.е. 20 ноември кој би го прославиле учениците на кои наставата се изведува на албански јазик а тие се 71.767 ученици. Од педагошката документација да се преиспита потребата од издавање ученичка книшка зошто нејзината функција е слична на свидетелство. Подецидно и појасно да се определат условите за изведување на наставата, просторните услови и како наставата да биде поквалитетна, посодржајна и како да се донесуваат наставните планови и програми кои битно ја менуваат содржината, функцијата и динамиката на остварувањето на воспитанието и образованието во основното образование. Со сите овие забелешки сметам дека Законот ќе

биде многу посодржаен, поквалитетен и ќе ги одразува суштините и односите кои се одразуваат во основното образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа, донесувањето на закон за основно образование е неопходна потреба најповеќе и поради несоодвествувањето на постоечкиот закон со општествено политичките промени во нашата земја, како и неговата неусогласеност со уставните одредби. Едно од основните начела врз кои се донесува законот е и развивање на креативни способрности на ученикот. Ова начело е во согласност со член 3 алинеја 2 каде се зборува за развој на индивидуалните способности и склоности на ученикот. По мене спорно и неразјаснето станува местото каде ученикот ќе ги развива своите индивидуално креативни способности и склоности.

Членот 8 од предложениот закон зборува за посебни видови на основно образование како основно музичко, балетско образование, образование за ученици со пречки во физички, или психички развој, како и други видови. На кои други видови на образование се мисли? Мислам дека мора точно да се допрецизира. Поставувам прашање што станува со пионерските домови кои ги има ширум Републиката, каков ќе биде нивниот понатамошен статус, дали на нив се мисли во последниот пасус на реченицата "и други установи согласно овој закон". Ако се мисли, треба да се допрецизира, ако пак не се мисли, што со нивната понатамошна егзистенција? Дали на ова наше друштво не му требаат места за развој на индивидуалните способности и склоности на ученикот, места каде ќе ги доискажуваат своите способности за учесе на странски јазик, ќе ја дооформуваат својата музичка култура ќе ја покажуваат

својата склоност кон фолклорот. Не треба да се заборави дека секој град не е во состојба да формира балетско и музичко училиште. Уште повеќе откога ќе стапат на сила одредбите на овој закон. Секако не е помалку битна и положбата на вработените во овие институции. И покрај покажување на одредени успеси и резултати вработените од овие институции ќе се најдат на улица ни криви, ни должни. Затоа би го молел Министерството за образование и физичка култура во дефинитивната верзија на законот да го допрецизира членот 8 и во негови рамки да го утврди местото на пионерските домови Неразјаснета останува и положбата на училиштата со целодневна настава или продолжен престој на учениците. Такво училиште постои во Т. Велес и покажува одлични резултати во работењето. Ниту на едно место во законот не се спомнува овој вид на училишта. Предлагам во член 8 да се воведе амнеза каде ќе стои: во основното училиште може да се организира целодневна настава, или продолжен престој за учениците, секако со дозвола на Министерството.

Во член 14, 42 и 91 фигурира институцијата Совет на општини. На која институција конкретно се мисли, дали се мисли на термин од Законот за локална самоуправа кој се уште не е донесен, ниту е влезен во собраниска процедура.

Во член 57 каде се зборува за вонредно полагање на испити за наредно одделение не е прецизирано на чиј предлог и кој одлучува и кој ги оценува посебните способности на ученикот.

Во член 72 алинеја 2 каде стои поради кои болести му престанува работниот однос на вработениот да се додаде и болеста сида, не поради самото заболување, туку поради големиот процент на заболени припадници на ризични групи.

XVIII/9.-

И на крајот во проблематиката на издавање на учебници Министерството согласно правото што му го дава член 74 алинеја 2 да се залага за излегување на нови учебници најдоцна до 31 август за наредната школска година. Ова поради големите проблеми што се јавуваат во наставата заради ненавременото излегување на учебници поради кое најповеќе страдаат учениците и наставниците.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата почитувани пратеници, предлогот за донесување на закон за основното образование преставува еден од фундаменталните закони во областа на образованието како предвесник на предлозите за донесување на закон за средното и високото образование. Комплексот на овие три предлози за донесување на закон практично би требало да внесат реформски зафати во сферата на воспитно образованиот систем со цел тој да се приспособи кон европските и светските модели, односно да обезбеди негова компатибилност и функционалност. Очекуваните реформски зафати во сферата на воспитанието и образованието практично би требало да ги надмине досегашните состојби кои се присутни во постоечкиот систем кој нуди покрај постоечката инфлација на кадри и надминат модел на дезиорентирани образовани млади луѓе кои не знаат каде и како ќе се вработат, кои немаат дефинирана визија за натамошна лична надградба некористејки го својот младешки ентузијазам и енергија во интерес на државата. Со еден збор кажано со очекуваните реформи во воспитно образовниот систем кои првенствено би требало да се рефлектираат во понудените предлози на закони за основното средното и високото образование треба да добиеме таков систем кој ќе дистрибуира квалитетен и финален производ, образовани млади и формирани личности, јасно дефинирани, професионално и

интелектуално спремни да аплицираат европски и светски технологии, да комуницираат со европските и светските образовни системи, креативни личности кои ќе го стабилизираат и развијат стопанскиот и економскиот систем, способни да ја вклучат и одржат Република Македонија во европските и светските асоцијации.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (продолжение )

Во овој контекст треба да се анализира и понудениот текст на Предлогот на донесување на законот за основното образование.

Почитувани пратеници, читајќи го текстот на Предлогот за донесување на законот за основното образование недвојбено се наметнуваат следните дилеми.

Прво, дали со понудениот Предлог на закон воопшто во него има реформски зафати со кои битно и концепциски би се променила досегашната состојба во воспитно - образовната дејност во основните училишта.

Второ, дали и понатаму ќе дистрибуираме завршени осмооделенци со недефенирани креативни способности, професионални дезориентирани, незнаејќи каде и како ќе го продолжат своето школување во средните училишта. Дали кај тие млади луѓе основното мото и понатаму ќе биде борбата за бројчана оцена, а не за знаење и лична надградба дали и понатаму ќе гледаме првооделенци подгрбавени од тежината на ученичката торба. Очигледно дека понудениот текст на Предлогот за донесување на законот за основното образование нема битни и суштински реформски зафати кои би ги разрешиле последните дилеми. Наместо со Предлогот на законот се внесе суштински квалитет на промена за оценувањето на учениците од I до IV одделение да биде писмено, односно со писмена оцена, со што би се овозможило со првите почетоци во училиштето учениците ги покажат и ги ориентираат своите афинитети кон одредени вештини и предмети, тие со предложениот текст освен во првото тромесечие во првото одделение и понатаму се оценуваат со бројчана оцена, односно од почетокот им се наметнува борба за добивање на високи бројчани оцени, а не знаење, па дури и

за факултативните и изворните предмети, член 49, член 50 и член 51 и член 52. Исто така, во членот 12 внесен е ставот "Основното училиште да добива статус на јавен интерес" наместо статус на посебен општествен интерес. Во условите на формирање на основното училиште член 15, став 3, не се објаснува кои се потребните педагошки стандарди за обезбедување на училишните простории, опрема и наставни средства, додека во ставот 1 не се дефинирани кои е доволниот број на ученици за формирање на најмалку 16 паралелки.

Исто така, во член 18 потребно е да се назначи кој е потребниот мал број ученици за формирање на подрачни училишта во состав на основните училишта.

Потребата на рационалност и економичност во работењето на основните училишта исто така е битен фактор во функцијата на истите, па затоа е потребно во член 9 во Предлогот на законот јасно да се дефинира кој е минималниот број на припадници на националностите за кои треба да се организира воспитно - образовна работа што ќе се изведува на јазикот на националностите. На пример во Скопје постојат одредени основни училишта, каде што во паралелка постојат 6 ученици за кои се организира таква настава, значи со екипа на наставници , која е потполно економична и потполно непрактична. Тоа значи ваквите паралелки би требало да се групираат во еден град во едно или две основни училишта.

Во член 33 , во став 1 треба јасно да се дефинира кој е потребниот минимум на бројот на ученици во паралелка, односно во ставот 2 да се дефинира минималниот број на ученици потребен за формирање на паралелка.

XIX/3.-

Од аспект на воспитно - образовната дејност спроведувањето на основното музичко образование, и основното балетско образование, член 23, порационално и поекономично во оваа дејност би било во состав на средното - музичко, односно средното балетско училиште со користење на адекватни простории во основните училишта, со оглед на фактот дека во овие училишта има хроничен недостаток на работен простор, при што на голем број млади талентирани ученици не успеваат да се запишат во тие училишта. Ако наставата се остварува во траење во 180 , а за учениците од 8 одделени од 175 наставни денови во учебната година, член 29 став 1 несфатливо е да се прави исклучок да може да се оствари во траење од најмалку 100 наставни денови, став 2, односно со 55 основни нереализирани наставни денови. Создавањето на квалитетна конкуренција во изведувањето на воспитно - образовниот процес помеѓу основните училишта, со член 43, 44 и 45, каде што секое основно училиште должно е да ги опфати училишните обврзници од својот реон, член 42, односно должно е да го извести Министерството за училишните обврзници кои не се запишале или преминувањето на учениците од едно во друго училиште може да се изврши по барање на родителот во стартот е оневозможено и индивидуалното право на родителот да го запише детето во она основно училиште за кое смета дека има подобар квалитет. Во член 46 дадено е правото ученици кои се постари од 15 години можат да го продолжат основното образование во истото училиште до наполнување на 18-тата година, став 2. Овој став треба да се преиспита од аспект психолошко - педагошкиот третман на учениците, кои треба да учат со многу помлади ученици, односно соученици. Членот 4 7 треба да се надополни со нов став 3 , со кој за ученици со пречки во психофизичкиот развој треба да се обезбеди превоз без оглед оддалеченоста и превозот на  придружникот, посебно

за ученици кои поради видот и степенот на оштетеноста им е неопходен придружник. За да се запази рокот на - приговорот на родителот во однос на оценката на ученикот, член 58 потребно е соопштувањето на оценките на учениците да биде помеѓу 14 и 18 јуни, за да можат да се запазат роковите за формирање на комисија, став 2 од овој член.

Во членот 61 потребно е да се појасни за кое кршење на правила во воспитно образовната работа се применуваат педагошки мерки.

Во одделението 4 за наставници, стручни работници и воспитувачи во членот 63 став 1, во делот на стручните работници да се додаде и професијата лекар, кој е неопходен во основните училишта, поради директна здравствена заштита и едукација на учениците. Ваквиот лекар веројатно можеби и треба да припаѓа во склопот на организирање на школското здравствено осигурување кој постои во системот на здравството.

Во член 66 став 2 потребно е да се прошири текстот за предноста при вработување и за наставници кои имаат постигнато високи резултати во воспитно образовниот процес на основа на процена на педагошкиот Завод.

Ставот 4 во член 68 треба да се надополни со додатен текст за да се дефинира статусот на менторот, кој во однос на работното време, така и во однос на материјалната надокната.

Во член 71 потребно е да се прецизира кој го разрешува учителот, наставникот, стручниот работник и воспитувачот и по чиј предлог

Во ставот 1 од член 72 треба да се инсистира на комплетен специјалистички преглед на вработените во основното училиште, со оглед на одговорноста што тие ја имаат на работните места.

Член 92 е во колизија со член 102 од аспект на утврдувањето на финансовиот план, став 2, со ставот 2 во членот 102 каде со договор

се утврдуваат елементите на финансовиот план со Министерството. Во делот на казнените одредби, членот 107, став 11 е во спротивност со правото и слободата на родителот и старателот да го запише детето таму каде што смета дека има поквалитетна настава.

Последниот став од истиот член не е дефиниран со лимитот на нередовноста на посетување на училиштето. Роковите на преодните и завршните одредби, член 109 став 1 и член 110 од шест месеци односно една година се предолги за ефикасно спроведување на предлогот за донесување на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има пријавено шест учесници, не можеме да го заклучиме овој претрес по Предлогот за донесување на законот, затоа ви предлагам ние сега да прекинеме со работа . Инаку, ако продолжиме и така утре треба да работиме, само што утре ќе бидеме уморни.

Предлагам утре во 10,00 часот да продолжиме со работа.

Ни пристигнуваат уште амандмани по Законот за судовите и сакам да му обрнам внимание на министерот Поповски би предложил утре да си се подготвите, па откако ќе ја завршиме расправата по овој закон сега за основното образование , да минеме на законот за судовите и таа работа да ја завршиме, па после ќе одиме по точките од дневниот ред. Затоа што сега пристигнуваат амандманите и мислам дека имате време.

(седницата прекина со работа во 19,00 часот)